# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 18, година LIV**
**Четврток, 28.12.2023**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2024 до 2026 година**

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2024 до 2026 година, донесено на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. | на Општината Битола,
Б и т о л а | Тони Коњановски

Врз основа на член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола, на вонредната седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2024 до 2026 година**

Во Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2024 до 2026 се вршат измени во Планираните расходи на Развојни програми по години од 2024 до 2026 година и истите гласат:

Програмата започнува со реализација во 2024 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2026 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма со измените изнесуваат **1.397.625.916,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **308.692.740,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2024год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **588.755.552,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2025год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **500.177.624,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2026год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

1. Во Буџетската програма **JD – Изградба и реконструкција на улици и локални патишта**, Развојните програми:

- JDE - Изградба на коловоз на улица „Крушевска Република"

- JDX - Реконструкција на улична мрежа во нас. место Горно Оризари
- JDW - Реконструкција на локален пат за с.Трново до граница на НП „Пелистер“
- JDP - Реконструкција на коловоз на дел од улица „Даме Груев“ во нас. Мал Париз (покрај пругата)
- JDZ - Реконструкција на коловоз на крак на улица „16-та“ (покрај ЈП „Водовод“)
- JDZ - Реконструкција на коловоз на дел од улица „Индустриска“ (Боримечка – од влез во населбата до мост на р. Курделец)

се префрлаат во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачје на општина Битола за 2024 година бидејќи истите се планирани како едногодишни, додека пак во Развојните програми :

- JDQ - Реконструкција на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел
- JDA- Изградба на паркинг простор зад „Декорпод“, на улица „Романија“ и „Ат Пазар“
- JDB - Реконструкција на коловоз на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“
- JDD - Реконструкција на коловоз на улиците „11-ти Март“, „Козара“, „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“
- JDG - Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Цапари (до ф-ката)
- JDJ - Реконструкција на коловоз на краци на улица „Буковски Мост“
- JDK - Реконструкција на коловоз на улиците „Влатко Миленковски“, „Паца Ванчова“ и „Гаврило Принцип“
- JDM - Изградба на улична мрежа во с.Карамани
- JDR - Реконструкција на коловоз на крак1, крак2 и карк3 на улица „Даме Груев“ во нас. Мал Париз
- JDT - Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ (од Црн Мост до улица „Столарска“)
- JDV - Реконструкција на коловоз на улица „7-ма Бригада“
- JDY - Изградба на коловоз на улица кај Дулие (ЛИДЛ)
- JDZ - Изградба на коловоз на дел од улица СРУ5 (до спортската сала)
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улица „Караорман“
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје)
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улица „Панде Кајзеро“
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улиците „Љубојно“, „Мукос“ и „5-та“
- JDZ - Изградба на коловоз на патот до црквата во с.Крклино
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улица „Христо Ботев“
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улица „Леринска“
- JDZ - Реконструкција на коловоз на улица „Нико Фундали“

се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог 1.

Исто така во оваа Буџетска програма се враќаат Развојните програми

- JDA - Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“
- JDT - Изградба на коловоз на улица „СТУ1“ во АРМ Четврт 1

заради плаќање на обврски.

Во Развојната програма JGH – Реконструкција на улицата покрај Св. Неделските гробишта, средствата предвидени за 2024 година се зголемуваат за 2.100.000,00денари и со промените изнесуваат 23.402.000,00 денари заради постигнатата вредност по завршена постапка за ЈН за избор на изведувач .

Во Во Развојната програма JGC – Изградба на улична мрежа во с. Долно Оризари, средствата предвидени за 2024година се зголемуваат за 1.055.600,00денари и со промените изнесуваат 12.305.600,00денари заради анекс кон договорот.

2. Во Буџетската програма **КА – Културно творештво и манифестации (капитални трошоци)**, односно во Развојната програма КАМ – Партерно уредување околу Офицерски дом, средствата предвидени за 2024 година се зголемуваат за 750.000,00денари и со промените изнесуваат 1.750.000,00денари заради анекс кон договорот.

3. Во Буџетската програма **LA – Спорт и рекреациаја (капитални трошоци)**, Развојната програма:

- LAV - Реконструкција на спортски игралишта во Брусничка населба

се префрла во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачје на општина Битола за 2024 година бидејќи истата е планирана како едногодишна, додека пак во Развојната програма:

- LAN - Изградба на атлетска патека на стадион „Тумбе кафе“
- LAQ - Изградба на велосипедски патеки

се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог1.

4. Во Буџетската програма **GD – Енергетика**, Развојните програми:

- GDB - Реконструкција на улично осветлување на ул.„150-та“, „170-та“ и „210-та“
- GDD - Изградба на улично осветлување на улица кај Дулие (ЛИДЛ)

се префрлаат во Програма за користење и одржување на јавното осветлување на подрачје на општина Битола за 2024 година бидејќи истите се планирани како едногодишни, додека пак во Развојната програма:

- GDP - Реконструкција на улично осветлување на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) - преостанат дел

се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог 1.

5. Во Буџетската програма **VA - Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца),** во Развојната програма VAA – Изградба на детска градинка во АРМ дел од средствата предвидени во 2023година во вредност од 9.000.000,00денари се префрлаат во 2024година заради начинот на плаќање, и се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог1.

6. Во Буџетската програма **JI – Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води**, Развојната програма:

- JID – Изградба на канализациона мрежа на улица кај Дулие (ЛИДЛ) се префрла во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачје на општина Битола за 2024 година бидејќи истата е планирана како едногодишна, додека пак во Развојните програми:

- JIJ - Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) - преостанат дел
- JIA - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Христо Ботев“
- JIB - Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“, „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“
- JIC - Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“
- JIG - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Караорман“
- JIH - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје)
- JIL - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Панде Кајзеро“
- JIM - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Леринска“
- JIO - Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Нико Фундали“

се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог 1.

7. Во Буџетската програма **JG – Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување**, Развојните програми:

- JGS - Изградба на водоснабдителен систем од граница на ГУП до с.Брусник
- JGB – Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Солунска“ – II фаза
- JGA - Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“
- JGD - Изградба на водоводна мрежа на улица кај Дулие (ЛИДЛ)
- JGE - Изградба на водоводна мрежа на дел од улица СРУ5 (до спортската сала)
- JGF - Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Караорман“

се префрлаат во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачје на општина Битола за 2024 година бидејќи истите се планирани како едногодишни, додека пак во Развојните програми:

- JGJ - Изградба на водоводна мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) - преостанат дел
- JGC - Реконструкција водоводна мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“, „Панде

Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог 1.

Во Развојната програма JGV -Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба „Недопирливи“, средствата предвидени за 2024 година се зголемуваат за 405.015,00 денари и со промените изнесуваат 13.039.050,00 денари заради анекс кон договорот.

8. Во Буџетската програма **JL – Изградба на други објекти**, Развојната програма:

- JLR - Реквизити (детски играчки и справи) за парк Педагошка

се префрла во Програма за уредување на градежното земјиште на подрачје на општина Битола за 2024 година бидејќи истата е планирани како едногодишна, додека пак во Развојната програма:

- JLB - Адаптација на објект за ветеринарна заштита – прифатилиште за кучиња се врши прераспределба на средствата по години заради буџетската рамка и динамиката на реализација како во Прилог 1.

Исто така во оваа Буџетска програма се враќа Развојната програма

- JLA - Изградба на парк заради плаќање на обврски.

Во Развојната програма JLJ - Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување, средствата предвидени за 2024година се зголемуваат за 1.400.000,00 денари и со промените изнесуваат 7.400.000,00 денари заради анекс кон договорот.

9. Исто така имињата на Развојните програми за:

- Изградба на паркинг простори за Декорпод, на ул.„Романија“ и „Ат Пазар“ од JDA се менува во JDZ
- Реконструкција на улиците „11-Март“, „Козара“, „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ од JDF се менува во JDZ
- Реконструкција на коловоз на краци на улица „Буковски мост“ од JDJ се менува во JDZ
- Реконструкција на коловоз на улиците „Влатко Миленковски“, „Паца Ванчова“ и „Гаврило Принцип“ од JDK се менува во JLZ
- Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ (од Црн Мост до улица „Столарска“) од JDT се менува во JDZ
- Реконструкција на улично осветлување на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) од GDD се менува во GDV
- Изградба на велосипедска патека (Памп трака) од JLA се менува во JLV поради тоа што променетите имиња веќе се искористени за други Развојни програми во претходната Програма за Развјни планови за период 2023-2025година.

Динамиката на реализацијата на целата програма, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Битола“, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови.

Бр.09-174/3
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

**ПРИЛОГ 1**

# ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ 2024-2026

| Реден број | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2024 во ден. | Износ за 2025 во ден. | Износ за 2026 во ден. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **JD** | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1. | | JDS | Реконструкција на коловоз на улица „Стив Наумов“ | 13.100.000,00 | 4.407.373,00 | 0,00 |
| 2. | | JDN | Реконструкција на паркинг простор кај спортска сала „Боро Чурлевски“ | 10.921.141,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3. | | JDL | Реконструкција на коловоз на улица „Солунска“ II фаза | 13.342.497,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4. | | JDU | Изградба на улична мрежа во с.Егри и с.Лажец | 6.727.503,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5. | | JDO | Изградба на улична мрежа во с.Оптичари | 4.658.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 6. | | JDC | Изградба на улична мрежа во с.Долно Оризари | 12.305.600,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7. | | JDH | Реконструкција на улицата покрај Св.Неделските гробишта | 23.402.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8. | | JDK | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 10.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9. | | JDT | Изградба на коловоз на улица „СТУ1“ во АРМ Четврт 1 | 2.300.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10. | | JDQ | Реконструкција на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 45.577.528,00 |
| 11. | | JDZ | Изградба на паркинг простори за Декорпод, на ул.„Романија“ и „Ат Пазар“ | 100.000,00 | 8.816.304,00 | 8.900.000,00 |
| 12. | | JDB | Реконструкција на коловоз на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“ | 100.000,00 | 6.569.360,00 | 6.900.000,00 |
| 13. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100.000,00 | 5.289.137,00 | 5.900.000,00 |
| 14. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Буково | 100.000,00 | 4.126.941,00 | 4.000.000,00 |
| 15. | | JDG | Реконструкција на коловоз на локален пат за с.Цапари (до ф-ката) | 100.000,00 | 4.457.242,00 | 5.900.000,00 |
| 16. | | JDI | Реконструкција на коловоз на улица „Никола Тесла“ | 100.000,00 | 2.024.661,00 | 2.000.000,00 |
| 17. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на краци на улица „Буковски мост“ | 100.000,00 | 3.394.836,00 | 0,00 |
| 18. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Влатко Миленковски“ „Паца Ванчова“и „Гаврило Принцип“ | 100.000,00 | 4.737.577,00 | 900.000,00 |
| 19. | | JDM | Изградба на коловоз на улична мрежа во с. Карамани | 100.000,00 | 7.779.352,00 | 8.900.000,00 |
| 20. | | JDR | Реконструкција на коловоз на крак1, крак2 и крак3 на улица „Даме Груев“ во нас. Мал Париз | 100.000,00 | 5.099.996,00 | 0,00 |
| 21. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Булевар 1-ви Мај“(од Црн Мост до улица Столарска) | 100.000,00 | 20.892.986,00 | 4.900.000,00 |
| 22. | | JDV | Реконструкција на коловоз на улица „7-ма Бригада“ | 100.000,00 | 3.907.076,00 | 1.900.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 23. | | JDY | Изградба на коловоз на улица кај Дулие (ЛИДЛ) | 100.000,00 | 4.328.000,00 | 0,00 |
| 24. | | JDZ | Изградба на коловоз на дел од улица СРУ5 (до спортската сала) | 100.000,00 | 3.773.943,00 | 3.900.000,00 |
| 25. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Караорман“ | 100.000,00 | 3.296.062,00 | 2.900.000,00 |
| 26. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 63.200.000,00 | 2.055.000,00 | 40.000.000,00 |
| 27. | | JDZ | Изградба на коловоз на улица СТУ3 во АРМ Четврт 1 | 100.000,00 | 5.944.921,00 | 6.000.000,00 |
| 28. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Панде Кајзеро“ | 100.000,00 | 5.826.500,00 | 900.000,00 |
| 29. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улиците „Љубојно“, „Мукос“ и „5-та“ | 100.000,00 | 3.194.839,00 | 1.900.000,00 |
| 30. | | JDZ | Изградба на коловоз на патот до црквата во с.Крклино | 100.000,00 | 3.885.200,00 | 0,00 |
| 31. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 4.255.750,00 | 4.900.000,00 |
| 32. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Леринска“ | 100.000,00 | 3.516.856,00 | 0,00 |
| 33. | | JDZ | Реконструкција на коловоз на улица „Нико Фундали“ | 100.000,00 | 5.808.016,00 | 0,00 |
| | **KA** | | **Културно творештво и манифестации (капитални трошоци)** | | | |
| 34. | | KAM | Партерно уредување околу Офицерски дом | 1.750.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **LA** | | **Спорт и рекреација (капитални трошоци)** | | | |
| 35. | | LAA | Реконструкција на други објекти | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 36. | | LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 100.000,00 | 106.050.000,00 | 78.350.000,00 |
| 37. | | LAE | Реконструкција на спортски игралишта во ОУ „Елпида Караманди“ | 6.000.000,00 | 26.150.780,00 | 0,00 |
| 38. | | LAN | Изградба на атлетска патека на стадион „Тумбе Кафе“ | 100.000,00 | 29.900.000,00 | 30.000.000,00 |
| 39. | | LAC | Реконструкција на кров на спортска сала во с. Бистрица | 100.000,00 | 11.146.224,00 | 20.000.000,00 |
| 40. | | LAQ | Изградба на велосипедски патеки | 5.000.000,00 | 26.014.840,00 | 0,00 |
| 41. | | LAS | Изработка на физибилити студија и техничка документација за изградба на гондола на потег од с,Дихово до врв Пелистер | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| | **GD** | | **Енергетика** | | | |
| 42. | | GDA | Гасификација на Општина Битола | 0,00 | 58.000.000,00 | 71.863.200,00 |
| 43. | | GDP | Реконструкција на улично осветлување на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 7.500.000,00 | 7.987.400,00 |
| 44. | | GDL | Санација на систем за греење во спортска сала „Боро Чурлевски“ | 5.100.000,00 | 4.900.000,00 | 0,00 |
| 45. | | GDV | Реконструкција на улично осветлување на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 100.000,00 | 2.807.700,00 | 2.000.000,00 |
| | **VA** | | ***Изградба на други објекти (Социјална заштита и заштита на деца)*** | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 46. | | VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 29.000.000,00 | 20.000.000,00 | 0,00 |
| | **JI** | | **Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на отпадни води** | | | |
| 47. | | JIN | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Стив Наумов“ | 8.533.783,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| 48. | | JIR | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Солунска“ II фаза | 9.641.040,00 | 0,00 | 0,00 |
| 49. | | JIE | Реконструкција на канализациона мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 6.397.915,00 | 0,00 | 0,00 |
| 50. | | JIJ | Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 9.099.496,00 | 9.099.496,00 |
| 51. | | JIF | Реконструкција на канализациона мрежа на улична мрежа во населба Горно Оризари | 10.050.000,00 | 10.050.000,00 | 0,00 |
| 52. | | JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Христо Ботев“ | 100.000,00 | 3.590.000,00 | 0,00 |
| 53. | | JIB | Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100.000,00 | 2.423.613,00 | 3.900.000,00 |
| 54. | | JIC | Реконструкција на канализациона мрежа на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“ | 100.000,00 | 2.365.260,00 | 2.900.000,00 |
| 55. | | JIG | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Караорман“ | 100.000,00 | 3.524.271,00 | 4.900.000,00 |
| 56. | | JIH | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 10.100.000,00 | 2.148.240,00 | 10.000.000,00 |
| 57. | | JII | Изградба на фекална канализациона мрежа на улица СТУЗ во АРМ Четврт 1 | 100.000,00 | 1.382.430,00 | 1.000.000,00 |
| 58. | | JIK | Изградба на атмосферска канализациона мрежа на улица СТУЗ во АРМ Четврт 1 | 100.000,00 | 687.000,00 | 1.000.000,00 |
| 59. | | JIL | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Панде Кајзеро“ | 100.000,00 | 2.667.500,00 | 0,00 |
| 60. | | JIM | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Леринска“ | 100.000,00 | 3.018.603,00 | 0,00 |
| 61. | | JIO | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Нико Фундали“ | 100.000,00 | 2.157.641,00 | 0,00 |
| 62. | | JIP | Реконструкција на канализациона мрежа на улица „Никола Тесла“ | 100.000,00 | 2.951.261,00 | 0,00 |
| | **JG** | | **Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување** | | | |
| 63. | | JGN | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Стив Наумов“ | 8.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 |
| 64. | | JGV | Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба „Недопирливи“ | 13.039.050,00 | 0,00 | 0,00 |
| 65. | | JGJ | Изградба на водоводна мрежа на улица „Довлеџик“ со кружен тек (влез од Охрид) преостанат дел | 100.000,00 | 2.566.057,00 | 3.000.000,00 |
| 66. | | JGC | Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „11-ти Март“, „Козара“ , „Панде Николов“ и „Димитрије Туцовиќ“ | 100,000,00 | 2.143.035,00 | 1.900.000,00 |
| 67. | | JGG | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „8-ми Септември“ (влез од страна на Скопје) | 100.000,00 | 3.988.480,00 | 4.000.000,00 |
| 68. | | JGH | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Нико Фундали“ | 394.180,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| 69. | | JGI | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Никола Тесла“ | 655.869,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 70. | | JGK | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Христо Ботев“ | 767.500,00 | 2.000.000,00 | 0,00 |
| 71. | | JGR | Реконструкција на водоводни приклучоци во нас.место Г.Оризари | 1.606.663,00 | 0,00 | 0,00 |
| | WA | | **Изградба на други објекти (Противпожарна заштита)** | | | |
| 72. | | WAA | Изградба на објект на противпожарна единица во АРМ | 100.000,00 | 50.349.101,00 | 72.000.000,00 |
| | JL | | **Изградба на други објекти** | | | |
| 73. | | JLA | Изградба на парк | 2.800.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 74. | | JLB | Адаптација на објект за ветеринарна заштита – прифатилиште за кучиња | 10.100.000,00 | 11.486.092,00 | 20.000.000,00 |
| 75. | | JLJ | Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување | 7.400.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 76. | | JLV | Изградба на велосипедска патека (ПАМП трака) | 100.000,00 | 4.400.000,00 | 0,00 |
| | | | **Вкупно по години:** | **308.692.740,00** | **588.755.552,00** | **500.177.624,00** |
| | | | **Сè вкупно:** | **1.397.625.916,00** | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/2
28.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен Весник на РМ”бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Сл.Весник на РСМ бр.275/19) и член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2024 година

ВОВЕД

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален урбанистички план, Детални урбанистички планови и други урбанистички документации на територијата на Општина Битола.

Програмата за уредување на градежно земјиште особено содржи податоци за:

I. Просторот кој е предмет на уредување,
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,

III. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура,

IV. Извори за финансирање на програмата,

V. Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште,

VI. Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба,

VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,

VIII.Динамика на извршување на програмата,

IX. Преодни и завршни одредби,

**Просторот кој е предмет на уредување**

Како простор кој е предмет на уредување на земјиштето што се уредува се смета изградено и неизградено земјиште на просторот на Општина Битола.

I.1 Градски реон, просторот кој е опфатен со границата на Генерален урбанистички план на град Битола.

II.2 Приградски реон - Руралните средини кои влегуваат сите простории во состав на Општина Битола (според законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште. Во приградски реон влегуваат:

- сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина Битола за кои постои урбанистичка документација (Урбанистички план за село, Општ акт за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка планска документација, Детален урбанистички план или друг тип на урбанистичка документација).

- влегуваат и сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина Битола како и средства за планиран иден развој, а трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

- Во приградски реон, влегуваат и сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19). Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот. Пресметаниот надоместок претставува износ за претходно вложените средства од страна на Општина Битола како и средства за планиран иден развој.

Во 2023 год. уредувањето на градежното земјиште треба да се врши според оваа Програма и треба да бидат опфатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои треба да се отпочне со градба оваа година;
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години;
- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објектите кои ќе се градат во 2023 год. и наредните години.
- поблиските податоци за подрачјата на кои треба да се врши уредување на градежното земјиште се дадени во поглавјето „Обем на уредувањето и степен на опремувањето на земјиштето со комунални објекти и инсталации.”

**I. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

- Изготвување на урбанистички планови и планско-проектна документација со инфраструктура;
- Оформување и обезбедување на геодетска документација подлоги и елаборати;
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотот;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат, селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата;
- Отстранување на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) со транспорт на градежниот шут до депо.
- Програмирање на уредувањето.

**II. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура**

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Службен весник на РМ бр.193/16, 72/18 и Службен весник на РСМ бр.16/22).

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

**III. 1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улици со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,
- подземна електрична мрежа,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализација и
- атмосферска канализација.

**III.2 Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од точка III.1 како и:**

- ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа,
- топлификациона мрежа,
- паркинг простори,
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води.

**III.3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа.

*Претходно изградените инсталации, доколку остануваат под објектот, нивната заштита и дислокација паѓа на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

**III. Извори за финансирање на програмата**

Извори за финансирање на уредувањето на градежното земјиште се утврдени согласно Член 5 од Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.03/94, 16/06 и 19/11)

| Ред. бр. | Шифра | Извор на приходи |
|---|---|---|
| 1. | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште |
| 2. | 713311 | Данок на промет на недвижности |
| 3. | 741115 | Дотации од ДДВ |
| 4. | 742114 | Донации од ЕУ |
| 5. | 741112 | Буџет на РСМ |
| 6. | 713111 | Данок на имот од физички лица |
| 7. | 733111 | Приходи од продажба на неизградено земјиште |
| 8. | 733120 | Средства од Буџетот на Општината-концесии |
| 9. | 723914 | Приходи од закупнина на општински имот |
| 10. | 717131 | Комунални такси за користење на јавен простор |
| 11. | 717136 | Надомест за паркирање (лиценци) |
| 12. | 725943 | Надомест за користење на патишта (рег. Возила) |
| 13. | 733144 | Приходи по основ на надоместок за легализација на објекти |
| 14. | | Други извори на финансирање |

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2024год.

| Ред. бр. | Шифра | Извор на приходи | Буџет 2024 |
|---|---|---|---|
| 1. | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 109.169.391,00 |
| 2. | 733144 | Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 17.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **126.169.391,00** |

## IV. Пресметување на трошоците за уредувањето на градежното земјиште

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето се земени комлекси со индивидуална и колективна станбена изградба со целосна изграденост.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци по зони изнесува и тоа согласно:

- Одлука за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Битола бр.54/1 од 25.05.1994 год. („Службен гласник на Општина Битола бр.03/94);

- Одлука за измена и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола бр.07-2337/4 од 11.09.2006 год. („Службен гласник на Општина Битола бр.16/06“);

- Одлука за измени и дополнување на Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола бр.07-279/5 од 09.02.2011 год. („Службен гласник на Општина Битола бр.2/11“).

| **ГРАДСКИ РЕОН:** | | |
|---|---|---|
| | Станбени објекти: | Деловни и јавни објекти: |
| Екстра зона | 3500 ден. | 5600 ден. |
| I-ва зона | 3000 ден. | 5000 ден. |
| II-ра зона | 2800 ден. | 4500 ден. |
| III-та зона (приградски реон) | 2400 ден. | 4000 ден. |

| **ПРИГРАДСКИ РЕОН (III-та зона):** | | |
|---|---|---|
| | Станбени објекти: | Деловни и јавни објекти: |
| Рурална 3 (30%) - инфр. од рурална 1, дополнително водоводна и канализациона инфр. | 720 ден. | 1200 ден. |
| Рурална 2 (25%) - инфр. од рурална 1 дополнително водоводна или канализациона инфр. | 600 ден. | 1000 ден. |
| Рурална 1 (20%) - инф. пристап од некатегоризиран јавен пат, нестандардно улично осветлување, надземна нестандардна електрична мрежа | 480 ден. | 800 ден. |

Сите објекти во УПВНМ за „Јужна индустриска зона Жабени“ ќе се пресметуваат согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во износ од 3500 ден.

Сите објекти опфатени со ОА за село, УПС, УПВНМ, ДУПД и др. урбанистичка документација со која се формираат и разработуваат повеќе ГП надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се утврдува во согласност со табелата во точка V која се однесува за приградски реон III зона.

Истата ќе се применува во зависност од зоната и уреденоста во која се наоѓа предметната парцела, односно Рурална (20%, 25% или 30%).

Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во точка 3, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно точка 3 од програмата, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (4) од правилникот, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

### V.1 Градски реон (спроведување врз основа на ГУП или нереализиран ДУП), делумно уредено или неуредено градежно земјиште

Во случај кога предмет на уредување е градежно земјиште, спроведено со урбанистички проект или друга планско-проектна документација врз основа на ГУП на град Битола, или ДУП или дел од ДУП со слаб интерес за реализација, каде што во моментот нема јасно дефинирани траси, технички можности или економска исплатливост Општина Битола да ја изгради инфраструктурната мрежа, надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува во согласност со зоната во која се наоѓа објектот, намената на објектот и степенот на уреденост на градежното земјиште.

Согласно член 95 став (2) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), уреденоста на градежното земјиште ќе ја утврдува комисија формирана од општината, која е составена од три члена од редот на вработените во службата која го врши уредувањето на градежното земјиште.

Доколку станува збор за делумно уредено градежно земјиште или целосно неуредено градежно земјиште, согласно член 97 став (1) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура, инвеститорот може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок и притоа не плаќа надоместок за уредување, а правата и обврски во врска со уредување на градежното земјиште се утврдуваат во постапка за издавање на одобрение за градење, согласно Законот за градење.

Доколку корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е да овозможи на останатите корисници приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објектите кои делумно или целосно ќе бидат ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се води регистер со пресметка и договор во делот за кој се ослободени, а кога Општина Битола, ќе увиди дека има интерес, економска исплатливост и потреба за реализација на планираната инфраструктура, по претходно внесување во Годишна програма за уредување на градежно земјиште, инвеститорот е должен

надоместокот или разликата на надомест за кој бил ослободен да ја исплати во целост.

**V.2 Приградски реон (спроведување врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП и други поединечни градби кои се дозволуваат со друг закон, формирање, урбанизација или изградба на една ГП или КП)**

Сите поединечни градби, кои се спроведуваат врз основа на ДУПД, ЛУПД, УП вон опфат на урбанистички план и други законски регулативи со кои се дозволува изградба на една ГП или КП, каде што во моментот нема проектирани траси, технички можности или економска исплатливост Општина Битола да ја изгради инфраструктурна мрежа, надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува во согласност со зоната во која се наоѓа објектот, намената на објектот и уреденоста на градежното земјиште.

Во оваа група влегуваат и:

- Сите објекти кои се градат врз основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), а за кои согласно Член 54 Став (4) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/22), го задржало статусот на земјоделско, шумско или друго земјиште. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура, согласно Став (15) Уредувањето на земјоделско земјиште кое, во смисла на овој закон, е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

- Сите објекти во функција на земјоделието, согласно Член 51-а Закон за земјоделско земјиште (Сл. Весник на Р.М. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 73/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и 161/19).

Уреденост на градежното земјиште согласно член 95 став (2) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), ќе ја утврдува комисија формирана од општината, која е составена од три члена од редот на вработените во службата која го врши уредувањето на градежното земјиште.

Надоместокот кој ќе треба да го исплатат е во согласност со претходно вложените средства за изведени комунални инфраструктури, а евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура и изградбата на нови инфраструктури ќе се доуредуваат во постапка согласно Законот за градење. Трошоците за изградба на потребната инфраструктура и евентуални можни приклучоци на постојната инфраструктура е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап од јавен пат до земјоделско земјиште за кое е издадено одобрение за градење, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до местото каде што ќе се гради објектот, во целост паѓаат на трошок на инвеститорот.

Доколку станува збор за делумно уредено или целосно неуредено градежно земјиште, согласно член 97 став (1) од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16, 142/16; 190/16 и Службен весник на РСМ бр.275/19), кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура, инвеститорот може сам да го уреди градежното земјиште на свој трошок и притоа не плаќа надоместок за уредување, а правата и обврски во врска со уредување на градежното земјиште се утврдуваат во постапка за издавање на одобрение за градење, согласно Законот за градење

Доколку корисникот на земјиштето сам ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е да овозможи на останатите корисници приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од

соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

**Висината на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба**

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 3 од програмата, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **3500 ден/м²<br>3000 ден/м²<br>2800 ден/м²<br>2400 ден/м²** |
| - | Станбени простории | 1,0 Коефициент |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор* | 0,2 Коефициент |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 Коефициент |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| - | Балкони, тераси | 0,2 Коефициент |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 Коефициент |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 Коефициент |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 Коефициент |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 Коефициент |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 Коефициент |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| **2** | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **5600 ден/м²<br>5000 ден/м²<br>4500 ден/м²<br>4000 ден/м²** |
| - | Простории | 1,0 Коефициент |
| - | Магацини | 0,5 Коефициент |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 Коефициент |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 Коефициент |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 Коефициент |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 Коефициент |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| - | Балкони, тераси | 0,4 Коефициент |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 Коефициент |
| **3** | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **5600 ден/м²** |
| - | Катни гаражи | 0,05 Коефициент |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 Коефициент |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 Коефициент |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| - | Базени | 0,2 Коефициент |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 Коефициент |
| **4** | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **9000 ден/м²** |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 Коефициент |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,01 Коефициент |

| | | |
|---|---|---|
| - | Г3 – Сервиси | 0,01 Коефициент |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,01 Коефициент |
| **5** | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **5600 ден/м²** |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| **6** | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом** | **40000 ден/м²** |
| - | Сите простории | 0,05 Коефициент |
| **7** | **За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица** | **9000 ден/м²** |
| - | Сите простории | 0,05 Коефициент |
| **8** | **За објекти за високо образование** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,05 Коефициент |
| **9** | **За објекти за култура** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,01 Коефициент |
| **10** | **За објекти за терцијална здравствена заштита** | **9000 ден/м²** |
| | сите простории | 0,05 Коефициент |
| **11** | **За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)** | **9000 ден/м²** |
| | | 0,01 |
| **12** | **За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)** | **6000 ден/м²** |
| - | за 50% од површината на градежната парцела | 0,01 |
| **13** | **За градби за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници)** | **1 200 000 ден/един.** |
| - | за една ветерница | 1 |

* Дадената коефициент во табела, точка 1 алинеа 2, за станбени простории од 2,5м’ е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот (од готов под до плафон). Во согласност со член 125 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите („Службен весник на РМ" бр.60/12); поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на планската документација. Над ѕидот на фасадиите ѕидови, (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50 m’ рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот.

Доколку на страните над кои има надѕидок (во вертикалната рамнина над градежната линија) има дополнителни надвишувања повисоки од 1,50 m’ во должина од 50% до 75% од вкупната должина на истите, ќе се применува коефициент 0,5.

За објекти како што се антенски столб, платформа на антенски столб и објекти поврзани со антенски столб, висината на надоместокот ќе се пресметуваат по вредности за деловни простории, согласно зоната во која се наоѓаат. Висината на антенскиот столб ќе се пресметува во соодност како површина односно 1m’=1m² деловен простор.

Компатибилните намени на објекти со основна класа на намени „Станбените објекти“, ќе се пресметуваат по вредност за „Деловни и јавни објекти“, согласно зоната во која се наоѓа објектот.

При поставување на фотоволтаични панели на кров или фасада на постоен објект, истото се смета за поставување на опрема на објект, не се добиваат дополнителни корисни површини и не се пресметува надомест за уредување на градежно земјиште.

По исклучок, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и

- објекти заштитени како културно наследство (поединечни градби - споменици на културата)

За објектите од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина и за други објекти без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина.

За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW, ниско напонски и среднонапонски електрични инфраструктурни водови, ПТТ инфраструктурни водови, како и за објекти и градби каде што инвеститор е Општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и ходроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во табелата од точка VI.

За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во табелата од точка VI.

За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

### VI.1. Распределба на средствата

Распределбата на средствата ќе се врши согласно следната табела:

| ОСНОВЕН СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 8 % |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | <br>15 %<br>10 %<br>28 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 10 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 8 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 10 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл.) | 4 % |
| ПОВИСОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ | | |
| 1. | ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа | 3 % |
| 2. | Топлификациона мрежа | 5 % |
| 3. | Паркинг простори (јавни паркинг простори, одалечени не повеќе од 30м од најблиската точка на ГП) | 4 % |
| 4. | Гасоводна мрежа | 8 % |
| 5. | Пречистителна станица за отпадни води | - |
| ПОНИЗОК СТЕПЕН НА УРЕДУВАЊЕ | | |
| 1. | непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат | 13% |
| 2. | сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа) | - |
| 3. | септичка јама (нема приклучок на фекална канализација) | - |
| 4. | сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација) | - |
| 5. | нестандардно улично осветлување | 3% |
| 6. | надземна нестандардна електрична мрежа | 4% |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на

градежното земјиште, а учествуваат со 100% од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

**VI.2 Отстранување на постоен објект (пребивање на комуналии)**

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во ваквите случаи, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се отстранува, тогаш инвеститорот не плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште.

**VI.3 Пренамена на просторот**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на станбен во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а средствата се неповратни.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен и деловен) во станбен простор не се наплатува.

**VI.4 Претходни договори**

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Битола и во меѓувреме се поништени решенија за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Доколку инвеститорот се откажи од изградбата, потребно е да достави доказ дека документацијата му била поништена како и чист имотен лист (без запишано право за градење - товар) со што би можел да им се врати уплатениот надоместокот во целост.

**VI.5 Самоиницијативно изградена инфраструктура**

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавените комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

### VI.6 Начин на одложено плаќање

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, но најмногу на 12 месечни рати со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и банкарска гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” врзани во зависност од принципот на одложено плаќање кои се формирани на следниот начин:

*За вкупен износ на надоместокот до 120.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договор во целост.

**За вкупен износ на надоместокот од 120.000,00 до 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

***За вкупен износ на надоместокот над 600.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

Одобрението се издава во регуларни рокови согласно Законот за градење и Законот за општа управна постапка, а доколку инвеститорот не ги подмирува договорните обврски навремено се активира банкарската гаранција за нејзино подмирување во целост.

### V. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2024 год.

| Ред. Број | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482120** | **Изградба на улици, патишта и автопати** | **12.879.250,00** |
| 1.1 | | | | Изградба на коловоз на ул.„Крушевска Република“ | 12.829.250,00 |
| 1.2 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 50.000,00 |
| | | | | | |
| **2.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување ипречистување на отпадни води** | **1.710.500,00** |
| 2.1 | | | | Изградба на канализациона мрежа на улица кај Дулие (ЛИДЛ) | 1.660.500,00 |
| 2.2 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 50.000,00 |
| | | | | | |
| **3.** | **РА** | **Фосилни горива** | **482320** | **Изградба на с-ми за одведување ипречистување на отпадни води** | **0,00** |
| | | | | | |
| **4.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **7.959.550,00** |
| 4.1 | | | | ул.„Ѓорги Димитров“ | 40.000,00 |
| 4.2 | | | | Изградба на водоснабдителен с-м од граница на ГУП до с.Брусник | 6.500.000,00 |
| 4.3 | | | | Изградба на водоводна мрежа на дел од улица СРУ5 ( до спортска сала) | 700.000,00 |
| 4.4 | | | | Изградба на водоводна мрежа на улица кај Дулие (ЛИДЛ) | 719.550,00 |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над изградбата** | **2.000.000,00** |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I:** | **24.549.300,00** |
| | | | | | |
| **6.** | **ЈД0** | **Основен буџет** | **482130** | **Реконструкција/ Рехабилитација на улици, патишта и автопати** | **66.483.333,00** |
| 6.1 | | | | Реконструкција на улична мрежа во нас.место Г.Оризари | 19.000.000,00 |
| 6.2 | | | | Реконструкција на коловоз на дел од улица „Даме Груев“ во насеба Мал Париз (покрај пругата) | 2.548.477,00 |
| 6.3 | | | | Реконструкција на коловоз на крак од улица „16-та“ (покрај ЈП „Водовод“) | 1.742.353,00 |
| 6.4 | | | | Реконструкција на коловоз на дел од улица „Индустриска“ (Боримечка – од влез во населбата до мостот на р.Курделец“ | 2.462.503,00 |
| 6.5 | | | | Реконструкција на локален пат за с.Трново до границата со НП„Пелистер“ | 7.000.000,00 |
| 6.6 | | | | Санација на локални патишта и улици со гребен асфалт | 3.000.000,00 |
| 6.7 | | | | Санација со гранитни плочки (Широк сокак и Стара чаршија) | 1.600.000,00 |
| 6.8 | | | | Санација на тротоари и улици со бехатон | 10.000.000,00 |
| 6.9 | | | | Санација на коловози со тампон | 3.000.000,00 |
| 6.10 | | | | Санација на ударни дупки со асфалт и камена коцка | 6.000.000,00 |
| 6.11 | | | | Санација на коловоз со пластичен асфалт | 2.000.000,00 |
| 6.12 | | | | Банкини со коцка на локален пат за с.Брусник | 6.900.000,00 |
| 6.13 | | | | Паркинг на ул.„Цане Василев“ | 830.000,00 |
| 6.14 | | | | Реконструкција на крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Батаљон Стив Наумов“ (Ветеринарна станица) | 2.300.000,00 |
| | | | | | |
| **7.** | **ЈИ0** | **Основен буџет** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **5.000.000,00** |
| 7.1 | | | | Машинско чистење на канали | 1.500.000,00 |
| 7.2 | | | | Чистење на корито на р.Драгор | 1.500.000,00 |
| 7.3 | | | | Санација на решетки и сливници | 2.000.000,00 |
| | | | | | |
| **8**. | **РА** | **Фосилни горива** | **482330** | **Реконструкција на с-ми за одведување и пречистување на отпадни води** | **0,00** |
| | | | | | |
| **9.** | **ЈГ0** | **Основен буџет** | **482730** | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | **5.177.768,00** |
| 9.1 | | | | Реконструкција на водоводна мрежа на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“ | 713.400,00 |
| 9.2 | | | | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Караорман“ | 1.019.098,00 |
| 9.3 | | | | Реконструкција на водоводна мрежа на улица „Солунска“- II фаза | 3.445.260,00 |
| | | | | | |
| **10.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482930** | **Реконструкција на други објекти** | **14.800.000,00** |
| 10.1 | | | | Услуга од градежни машини | 800.000,00 |
| 10.2 | | | | Градежно-занаетчиски работи заедно со градежни материјали | 4.000,000,00 |
| 10.3 | | | | Реконструкција на пет железнички премини | 3.000.000,00 |
| 10.4 | | | | Реконструкција на спортски игралишта во Брусничка населба | 3.300.000,00 |
| 10.5 | | | | Адаптација на мајчин дом (дел -учество на Општина Битола) | 3.700.000,00 |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | **ГД0** | **Основен буџет** | **482830** | **Реконструкција на капацитети во енергетиката** | **3.000.000,00** |
| 11.1 | | | | Одржување на с-ми за греење во објекти на О.Б-ла | 3.000.000,00 |
| | | | | | |
| **12.** | **ЕА** | **Основен буџет** | | **Купување на друга опрема** | **4.159.000,00** |
| 12.1 | | | | Реквизити (детски играчки и справи) за парк Педагошка | 4.159.000,00 |
| | | | | | |
| **13.** | **ЈЛ0** | **Основен буџет** | **482940** | **Надзор над реконструкцијата** | **3.000.000,00** |
| | | | | **ВКУПНО II:** | **101.620.091,00** |
| | | | | | |
| | | | | **ВКУПНО I+II:** | **126.169.391,00** |

## VI. Динамика на извршување на програмата

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што во повеќе фази со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната промена на роковите предвидени во Законот за Општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

Расходите за изградба и реконструкција на улици, канализација - колекторскиот систем, капацитетите во водоснабдувањето и капацитети во енергетиката ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

## VII. Преодни и завршни одредби

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот и Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Советот на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши координација во реализација на објектите согласно член 22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и Законот за градење („Службен весник на РМ“бр. 130/09; бр.124/10; бр.18/11; бр.36/11; бр.54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 27/14; 28/14; 42/14115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19; 18/20 и 279/20).

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина Битола заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина Битола, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Битола, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии и Јавните комунални претпријатија, треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Наплатата за повисок степен на уредување на просторот ќе започне да се применува, кога ќе се створат технички услови за наплата на истиот, односно информации од постојната и новопланираната мрежа во ГИС систем како и приспособување на систем за

пресметка на комуналии согласно предвидените проценти на распределба.

Оваа програма влегува на сила од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Битола“, а ќе се применува и ќе може да се дополнува по потреба до донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште за наредната година.

Барањата кои се поднесени пред стапување на сила на оваа програма ќе се пресметуваат во согласно со програмата која била на сила во времето на нивното поднесување.

Бр.09-174/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општината Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 15 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/2004; 64/05; 92/07; 123/12 153/15; 192/15 и 23/16 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2024 година

Со програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2024 година се врши распределба на средствата што на Општина Битола и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.

Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување во сервисните и станбените улици на подрачјето на Општината и тоа:

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2024година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Буџет 2024 |
|---|---|---|---|
| 1. | 717116 | Надоместок од комунална дејност за улично осветлување | 59.351.731,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **59.351.731,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за јавно осветлување за 2024 година

| Ред. бр. | Програма | Буџет | Ставка | Планирани работи за изведување | Буџет2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | J30, Е0, Д1, Њ0 | Основен буџет | 421110 | Електрична енергија | *40.000.000,00* |
| 2. | J30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (град) | *4.000.000,00* |
| 3. | J30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (рурални средини) | *3.500.000,00* |
| 4. | J30 | Основен буџет | 424440 | Поправка и одржување на улично осветлување (тековно одржување-замена на живини, натриумови и флуорецентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) | *1.000.000,00* |
| 5. | J30 | Основен буџет | 426990 | Услуги од електричарство | *1.000.000,00* |
| 6. | J30 | Основен буџет | 423990 | Материјали за новогодишни украси, детски фигури и изнајмување на украси | *2.000.000,00* |
| 7. | J30 | Основен буџет | 424390 | Електро-занаетчиски работи за одржување на објекти на Опшина Битола | *2.000.000,00* |
| 8. | J30 | Основен буџет | 424390 | Инвестиционо одржување (столбови и електрична мрежа) | *3.000.000,00* |
| 9. | J30 | Основен буџет | 424390 | Испитување на инсталација, и сервисирање на громобрански инсталации, заштитно заземјување и ПП заштита на објекти на Општина Битола | *1.000.000,00* |
| | | | | | |
| 10. | JA0 | Основен буџет | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 350.821,00 |
| *10.1* | | | | *Изградба на улично осветлување на улицата кај Дулие (ЛИДЛ)* | *287.820,00* |
| *10.2* | | | | *ул.„Ѓорги Димитров“* | *63.001,00* |
| | | | | | |
| *11.1* | | | | *Реконструкција на улично осветлување на улиците „150-та“, „170-та“ и „210-та“* | *1.250.910,00* |
| 12. | ЈЛ0 | Основен буџет | 482940 | Надзор над изведбата | 250.000,00 |
| | | | | ВКУПНО: | 59.351.731,00 |

2.Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Битола.

Бр.09-174/5
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година,

донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/4
28.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („ Службен гласник на Општина Битола бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) Советот на Општината Битола, на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година

Во Буџетот на Општина Битола за 2024 година, предвидени се средства за субвенционирање на Годишните планови за работа и Годишните инвестициони програми на јавните претпријатија.

За субвенционирање на Годишните планови за работа на

- МЈП – Пелалинк - Битола

Потпрограма Ј50 - Јавен локален превоз планирани се средства во износ од 2.079.324,00 денари за субвенционирање на трошоците на МЈП Пелалинк- Битола.

За користење на планираните субвенции во Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од општината, потребно е покрај Барањето за исплата да се достави потребна документација од која ќе се констатира обемот на извршените активности од Годишниот план за работа (копии од фактури, ситуации , требовања, приемници и друго).

### I. Субвенционирање на Годишниот план на МЈП Пелалинк

За субвенционирање на Годишниот план за работа за 2024 година на МЈП Пелалинк се планираат 2.079.324,00 денари, кои средства се алоцирани во:

- Програма Ј50- Јавен локален превоз на патници планирани се средства во износ од 2.079.324,00 денари за субвенционирање на дел од трошоците за МЈП Пелалинк.

Со планираните средства во износ од 2.079.324,00 денари алоцирани во потпрограмата Ј50- Јавен локален превоз ќе се субвенционираат следните активности:

- субвенционирање на дел од тековно-оперативните расходи,
- други тековни расходи

МЈП ПЕЛАЛИНК Битола е ново формирано претпријатие, чија првична цел е превоз на ученици. Проблемите со превозот кои што се провлекуваат низ години се резултат на неисплатливост од вршењето на превоз на одреден број на линии заради мал број на ученици кои што се превезуваат на тие линии и големите трошоци за реализација.

Работата на претпријатието ќе овозможи исполнување на законската обврска за бесплатен превоз на учениците во основното и средното образование, во Општина Битола, Општина Могила и Општина Новаци, на оние линии за кои што не се склучуваат договори за превоз со други оператори.

За функционирање на превозот, покрај финансиските средства обезбедени од блок дотациите од МОН, потребно е да се одобрат и субвенции од страна на Советите на општините .

Субвенциите ќе ги покриваат административните трошоци , оперативните трошоци . Исто така треба да се надополни разликата во средствата обезбедени од блок дотациите од МОН и реалните трошоци за реализација на превозот. Голем удел за потребата од овие субвенции, има економската и енергетската криза, односно повеќекратното зголемување на цената на горивата.

Планираните средства за субвенционирање се фиксни, а евентуалните измени би се усогласиле со Измени и дополнувања на Буџетот на Општината во 2024 година, со што и Годишниот план за работа за 2024 година на МЈП П е л а л и н к би бил дополнително изменет и усогласен.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Битола.

Бр.09-174/6
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за економски развој во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за економски развој во Општина Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за економски развој во Општина Битола за 2024 година

Со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

## ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## За програмата за економски развој во Општина Битола за 2024 година

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за економски развој во Општина Битола За 2024 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 741115 | Дотации од данок на додадена вредност | **58.009.404,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **58.009.404,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за економски развој во Општина Битола За 2024 година

| Ред. Бр. | шифра | Расходи | Износ (ден) |
|---|---|---|---|
| 1 | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСВЕРИ** | |
| 1.1 | 464 990 | Други трансфери - кофинансирање | **17.640.547,00** |
| 1.2 | 426120 Г1 | Членарина за ЗЕЛС | **851.640,00** |
| 2 | 482 | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **39.607.218,00** |
| 2.1 | ЈД 482 110 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан за улици и локални патишта и споменици | **14.005.453,00** |
| 2.2 | ЈИ 482 310 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан за пречистителни станици и колектори | **4.643.274,00** |
| 2.3 | ЈГ 482 710 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан за водоснабдување | **860.968,00** |
| 2.4 | ГД 482 810 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на капацитети за енергетика | **393.465,00** |
| 2.5 | ЈЛ 482 910 | Подготвување на проекти, вклучување на дизајан на други објекти | **18.296.058,00** |
| 2.6 | ЈЛ 482 210 | Подготвување на проекти за мостови | **1.408.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **58.009.404,00** |

Дел од средствата од оваа Програма ќе се вложат во изработка на техничка документација, а дел во изградба на објекти за кои е аплицирано на меѓународни повици, добиени се грантови и за кои се склучени договори за реализација дефинирани со листата од Прилог 1 и Прилог 2.

Расходите за набавка на проектна документација (техничка документација, фисибилити студии и сл.) ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на општината и Градоначалникот на општина Битола и е составен дел на оваа Програма. Во овие прилози се евидентирани стварните суми постигнати на јавни набавки за објекти кои се во подготовка на проектна документација и проценети суми за изработка на нови проектни документации. (СУМАРЕН ПРЕГЛЕД, ПРИЛОГ 1, и ПРИЛОГ 2 ) Во сумарниот Прилог 1 во делот **„Нови објекти"**, Додадени се дополнителни 41 (четириесет и еден) објект, кои се на барања на Граѓани, Урбани Заедници, Месни Заедници кои континуирано пристигнуваа во општината преку целата 2023 година, како и предлози произлезени од Буџетските форуми одржани при крајот на 2023 година.

Програмата за економски развој е родово одговорна. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите. Конкретно, (1) при изградбата на коловози, секаде каде има простор, е предвидена изградба на тротоари со цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење; (2) предвидената мрежа за осветлување соодветствува на потребите на жените пред сé, за зголемена безбедност; (3) планираната изградба и реконструкција на водоводна линија и атмосферска и фекална канализација исто така е развиена врз основа на потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството.

На овој начин, Општина Битола покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политиките и следствено-родово одговорно буџетирање. Покрај тоа што овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговорат подеднакво на потребите на мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го подобруваат учеството на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за економски развој и Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола, Одделението за економски развој
- Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Битола и ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2025 година.

Бр.09-174/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за туризам во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за туризам во Општина Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината

Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за туризам во Општина Битола за 2024 година

**1. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк Пелистер. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2024 година и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина Битола. По завршување на известувачкиот период (декември 2024 година) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работи. Сите овие активности се регулирани со обостран потпишан меѓусебен договор на општина Битола и НП Пелистер Битола.

**2. Изработка на студија за развој на летен и зимски туризам на Пелистер**

**3. Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот**

Јавен повик за здруженија од областа на туризмот (сите гранки) за активности во врска со унапредување на туризмот.

**4. Организација на "Зимска приказна" во Битола**

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за туризам во Општина Битола за 2024 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност | **1.500.000,00** |
| 2 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | **2.500.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **4.000.000,00** |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за туризам во Општина Битола за 2024 година

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | **500.000,00** |
| 2 | 464990 | Студија за развој на летен и зимски туризам на Пелистер | **300.000,00** |
| 3 | 464990 | Разни трансфери / Организација на "Зимска приказна" | **3.000.000,00** |
| 4 | 464990 | Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот | **200.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **4.000.000,00** |

Со оваа програма е обезбеден родов аспект преку приоритети на Општина Битола.

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Битола.

Бр.09-174/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за образование во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за образование во Општина Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 157 и член 158 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ бр.161/19 и 229/20“), член 101, 101а и 102 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ бр.44/95...30/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за образование во Општина Битола за 2024 година

### I. ВОВЕД

Предизвиците на училиштата и учењето во 21 век мора да водат сметка за потребата на поединецот за академски развој и да им дадат можност на овие поединци да функционираат добро во општеството врз основа на барањата што ги поставува општеството, исто така обезбедувајќи му на поединецот етичка платформа со цел да придонесе за одржлив развој кој ја штити основата на општеството; природата и природната средина. Општина Битола верува дека овој сеопфатен начин на размислување - каде што образованието е надградба за целото учење - ја обезбедува оваа комбинација но истовремено се трудиме да задржиме потрадиционален поглед на учењето кој на сите деца ќе им обезбеди добар развој, академско знаење и добри вештини, во исто време кога можеме да им дадеме посеопфатен поглед на општеството и светот што ги опкружува. Ова го засноваме на модел кој има цели кои се залагаат да ги научиме нашите ученици да се разбираат и да се грижат за себе, да се разберат и да се грижат едни за други, за својата заедница, природата и планетата како и да бидат во можност во иднина да носат добри, одржливи одлуки за иднината на едно демократско општество.

Улогата на општините во образовниот систем е обезбедување и одржување на образовната инфраструктура која се состои од училишни згради и опрема, транспорт, наставни средства, како и управување со образовните фондови и образовниот кадар.

Општина Битола при донесувањето Програма за образование внесува веќе применети практики и искуства од други градови но и од сопственото минато искуство.

Програмата за образование за 2024 година на Општина Битола дефинира повеќе приоритетни активности од областа на образование, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупното образование за добробит на граѓаните на Општина Битола.

Појдовна основа за оваа програма е Законот за основно образование и Законот за средно образование иингеренциите кои произлегуваат од нив, односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и обезбедат соодветни образовни услови.

Целите на програмата се јасно определени и од родов аспект, со вклучени согледувања од направените проценки на потребите и приоритетите на различните целни групи, клучително специфичните потреби на жените и мажите, односно девојчињата и момчињата.

## II. ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на образованието работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа, односно програмата за образование на Општина Битола за 2023 година произлегува почитувајќи ги:

➢ Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)

➢ Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)

➢ Статут на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола- бр. 10/05)

➢ други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа.

Покрај тоа цел на програмата на Општината Битола од областа на образование е подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во училиштата, креирање и спроведување на образовни политики согласно локалните потреби за развој на образовниот процес. Општината Битола го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области.

Специфични цели на програмата на Општината Битола од областа на образование се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Битола кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
- Планирање на развојот на образованието,
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,
- Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења
- Обезбедување на еднакви образовни можности за образование за сите деца,
- Одржување на континуитетот на образовниот процес и заштита и намалување на ризикот од ширење на коронавирусот во сите училишта во услови на светска пандемија
- Практична примена на стекнатите знаења,
- Унапредување на наставниот процес, воннаставните и слободните активности во основни училишта и квалитетна реализацијата на наставниот план и програма,
- Мотивирање на учениците и ученичките за постигнување на високи резултати во областите за кои покажуваат интерес,
- Развивање и следење на талентот и надареноста кај учениците и поттикнување на нивната креативност,
- Негување на културата и традицијата кај децата,
- Развивање на свеста кај децата за толеранција и соживот и мултикултуралност, родова еднаквост, екологија, безбедност во сообраќајот, и сл,
- Интегрирање и поддршка за децата со посебни образовни потреби, ученици во основните училишта во Општина Битола во редовниот образовен процес,
- Финансиско олеснување на родителите на учениците од основните училишта,
- Обезбедување квалитет и професионален развој на наставниците

- Размена на искуства и добри практики со други општини во делот на образованието.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Битола предвидени за 2024 година одредени за таа цел, како и преку други форми и активности за обезбедување финансиска поддршка за нивно реализирање од Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Битола ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

## V. АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2024 ГОДИНА

Активностите на Општина Битола во областа образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма и тоа кон создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2024 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во две основни ставки, како што следува:

- програмата Н1 – основно образование,
- програмата Н2 – средно образование.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Битола го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности, но исто така за спроведување на оваа програма се грижат и Комисијата за јавни дејности и Одделението за јавни дејности при Секторот за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во Сл.Гласник на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2025 година.

Бр.09-174/9
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна парична помош за првоодделенци | Општина Битола | Еднократна парична помош е во износ од 3.000,00 денари нето износ по дете, на семејства кои запишале дете во прво одделение во Општинските основни училишта | Намалување на финансискиот товар на родителите кои имаат првоодделенци | 2024 | 3.500.000,00 ден | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 2 | Поддршка на талентирани деца ученици | Општина Битола | Поддршка на талентирани деца ученици врз основа на успех – просек и натпревари | Признавање на нивните напори | 2024 | 300.000,00 ден | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Паралелки и образовни програми за Ромите кои се вратиле од странство | Министерство за образование Биро за развој на образование Општина Битола | Да се создаде можност за одделни паралелки и скратени образовни програми за Ромите кои се вратиле од странство | Зголемен број на повратници кои ќе го продолжат своето образование и ќе го завршат основното образование | 2024 | МО, БРО | Број на деца Роми кои биле вклучени во понатамошно образование и во кое одделение продолжиле |
| 4 | Обуки за наставници | -Мин. образование<br><br>-Мин за труд и социјална политика<br>- Биро за развој на образование<br>- донатори | Обуки за наставници во основните и средните училишта и негователи во градинките за недискриминација и говор на омраза | -Намалена дискриминација и говор на омраза<br>-Запознавање со ромската култура, историја и обичаи<br>-сентизитивни наставници и негователи кон ромските ученици | 2024 | МО, МТСП | Број на вклучени наставници, негователи |
| 5 | Курсеви за функционално неписмени возрасни Роми | Министерство за образование Центар за Стручно образование Агенција за вработување Центар за доживотно учење Еразмус проекти и донатори | Да се проверат и понудат курсеви за функционално неписмени возрасни Роми | Да се намали процентот на функционални неписмени роми<br>-Да се понудат верификувани програми за образование на возрасни | 2024 | донации | Број на Роми кои се описмениле |
| 6 | Проект РОМАКТЕД (Реконструкција на хол ( аула ) на ОУ Ѓорги Сугарев) | Општина Битола Проект ромактед и донатори | Реконструкција на хол ( аула ) на ОУ Ѓорги Сугарев | Поддобрување на условите за работа во училиштето | 2024 | Грант 307.500,00 Буџетска сметка 200.000,00 | Реконструиран хол ( аула ) |
| 7 | Туторска настава | Општина и локални основни училишта Буџет на Општината | - Листа на идентификувани ученици со слаб успех<br>- Равиена туторска програма<br>Број на реализирани туторски часови | Спроведување на туторска настава за најслабите ученици Роми кои се вклучени во 3, 4 и 5 одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех | 2024 | 200.000,00 | - Број на вклучени деца во туторската настава од кои 50% да бидат девојчиња<br>- ангажирани 7 тутори за спроведување на туторската настава<br>- Број на реализирани туторски часови Најмалку 65% од учениците го зголемиле нивниот успех |
| 11. | Поддршка за основно образование | Општина Битола МОН | Плати и надоместоци за вработените, тековни режиски трошоци, одржување, други договорни услуги | Создавање на услови за нормално функционирање на основните училишта | 2024 | Н1 – 733.534.110 денари | Број на вработени наставници, Број на зафати за одржување |
| 12. | Поддршка за средно образование | Општина Битола МОН | Плати и надоместоци за вработените, тековни режиски трошоци, одржување, други договорни услуги | Создавање на услови за нормално функционирање на средните училишта | 2024 | Н2 – 404.000.679 денари | Број на вработени наставници, Број на зафати за одржување |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Реконструкција на основни и средни училишта | Општина Битола | Реконструкција на фасади, кровови, промена на дограма , санитарни јазли, подови .... | Подобрување на условите за функционирање на училиштата | 2024 | Програма за уредување на градежно земјиште МОН Донатори | Број на реконструирани училишта |
| **ВКУПНО** | | | | | | **1.142.042.289** | |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за образование во Општина Битола за 2024 година

За програмата Н1 – основно образование, според потребите кои училиштата ги имаат доставено до Општина Битола за 2024 година се вкупно 733.534.110,00 денари, од кои 590.531.840,00 денари за плати и надоместоци (во нацрт-буџетот се испланирани 570.066.000,00 денари, според блок дотацијата од Министерството за образование и наука), а 143.002.270,00 денари за материјални трошоци. Во однос на платите и надоместоците од блок дотацијата од Министерството за образование и наука за 2024 година, испланирани се 570.066.000,00 денари, што значи дека недостасувааат 20.465.840,00 денари, од кои 10.611.469,00 се за исплата на Надомест за годишен одмор истите ќе се надоместат со ребаланс на буџет во тековната година.

Моментално во нацрт-буџетот на Општина Битола за 2024 година, испланирани се 39.500.000 денари за материјални трошоци, но од погоре наведеното може да се види дека потребите на основните училишта се многу поголеми и истите ќе се надоместат со ребаланс на буџет.

За програмата Н1 – основно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 10.588.800,00 денари.

На сметката донации за програма Н1 – основно образование испланирани се вкупно 7.171.066,00 денари.

За програмата Н2 – средно образование од Министерство за образование и наука како блок дотација се издвоени вкупно 341.000.000,00 денари. Потребите на средните училишта за 2024 година вкупно се 404.000.679,00 денари, за плати и надоместоци се 282.905.179,00 денари, а за материјални трошоци 121.955.000,00 денари, што значи дека од дотацијата недостигаат 63.000.679,00 денари. Надомест за годишен одмор и класа 48 во нацрт- буџетот не се планирани поради ограничениот износ на дотацијата, вкупниот износ за регрес изнесува 5.538.578,00, за капитални расходи според реалните потреби на училиштата потребни се 48.102.500,00 кои исто така не се планирани поради ограничениот износ на дотацијата, дел од средствата ќе бидат надоместени со пренесениот вишок, додека останатиот дел ќе се надоместат со ребаланс на буџет.

За програмата Н2 – средно образование како расходи од самофинансирачки активности испланирани се вкупно 16.699.400,00 денари, .

На сметката донации за програма Н2 – средно образование испланирани се вкупно 2.573.000,00 денари.

| Поддршка за основно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р.бр. | Програма | Ставка | Опис | Буџет | Дотации |
| 1 | Н1 | 401130 | Основни плати | | 379.635.984 |
| 2 | Н1 | 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 31.288.032 |
| 3 | Н1 | 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | | 0 |
| 4 | Н1 | 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 106.853.688 |
| 5 | Н1 | 402210 | Основни придонеси за здравство | | 42.627.588 |
| 6 | Н1 | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | 2.840.904 |
| 7 | Н1 | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | 6.819.804 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Н1 | 404110 | Надомест за годишен одмор | | 0 |
| 9 | Н1 | 421110 | Електрична енергија | 4.500.000 | |
| 10 | Н1 | 421120 | Водовод и канализација | 100.000 | |
| 11 | Н1 | 421130 | Ѓубретарина | 100.000 | |
| 12 | Н1 | 421190 | Други комунални такси и услуги | 40.000 | |
| 13 | Н1 | 421220 | Дрва | 3.000.000 | |
| 14 | Н1 | 421240 | Течни горива | 17.000.000 | |
| 15 | Н1 | 421310 | Пошта | 30.000 | |
| 16 | Н1 | 421390 | Други трошоци за комуникација | 300.000 | |
| 17 | Н1 | 421440 | Транспорт на луѓе | 200.000 | |
| 18 | Н1 | 423110 | Канцелариски материјали | 298.000 | |
| 19 | Н1 | 423120 | Списанија, весници и др. изданија за користење од страна на вработените | 0 | |
| 20 | Н1 | 423710 | Средства за одржување на хигиена | 282.000 | |
| 21 | Н1 | 423720 | Материјали за разни поправки | 310.000 | |
| 22 | Н1 | 423810 | Ситен инвентар | 70.000 | |
| 23 | Н1 | 424210 | Одржување на згради | 500.000 | |
| 24 | Н1 | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 172.200 | |
| 25 | Н1 | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 0 | |
| 26 | Н1 | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 363.000 | |
| 27 | Н1 | 425250 | Осигурување на недвижнини и права | 240.000 | |
| 28 | Н1 | 425490 | Други здравствени услуги | 350.000 | |
| 29 | Н1 | 425760 | Превозни услуги во образованието | 10.000.000 | |
| 30 | Н1 | 425990 | Други договорни услуги | 0 | |
| 31 | Н1 | 426310 | Семинари и конференции | 0 | |
| 32 | Н1 | 426410 | Објавување на огласи | 0 | |
| 33 | Н1 | 426990 | Други оперативни расходи | 224.120 | |
| 34 | Н1 | 464990 | Други трансфери | 1.420.680 | |
| 35 | НА | 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | |
| | | | **Вкупно:** | **39.500.000** | **570.066.000** |

| Поддршка за средно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р.бр. | Програма | Ставка | Опис | Буџет | Дотации |
| 1 | Н2 | 401130 | Основни плати | | 183.441.177 |
| 2 | Н2 | 401310 | Персонален данок на доход од плата | | 16.262.654 |
| 3 | Н2 | 401320 | Персонален данок од надоместоци | | 553.834 |
| 4 | Н2 | 402110 | Основни придонеси за ПИО | | 52.144.988 |
| 5 | Н2 | 402210 | Основни придонеси за здравство | | 20.802.601 |
| 6 | Н2 | 402220 | Основен придонес за професионално заболување | | 1.386.823 |
| 7 | Н2 | 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | | 3.328.358 |
| 8 | Н2 | 404110 | Надомест за годишен одмор | | 4.984.744 |
| 9 | Н2 | 421110 | Електрична енергија | | 7.780.000 |
| 10 | Н2 | 421120 | Водовод и канализација | | 2.110.000 |
| 11 | Н2 | 421130 | Ѓубретарина | | 1.320.000 |
| 12 | Н2 | 421190 | Други комунални такси и услуги | | 91.000 |
| 13 | Н2 | 421220 | Дрва | | 60.000 |
| 14 | Н2 | 421240 | Течни горива | | 15.600.000 |
| 15 | Н2 | 421310 | Пошта | | 70.000 |
| 16 | Н2 | 421390 | Други трошоци за комуникација | | 187.000 |
| 17 | Н2 | 421440 | Транспорт на луѓе | | 590.000 |
| 18 | Н2 | 423110 | Канцелариски материјали | | 450.000 |
| 19 | Н2 | 423120 | Списанија, весници и др. изданија за користење од страна на вработените | | 108.000 |
| 20 | Н2 | 423610 | Наставно-образовни помагала | | 340.000 |
| 21 | Н2 | 423710 | Средства за одржување на хигиена | | 605.000 |
| 22 | Н2 | 423720 | Материјали за разни поправки | | 430.000 |
| 23 | Н2 | 423810 | Ситен инвентар | | 350.000 |
| 24 | Н2 | 424210 | Одржување на згради | | 1.200.000 |
| 25 | Н2 | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | | 215.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Н2 | 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | | 310.000 |
| 27 | Н2 | 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | | 185.000 |
| 28 | Н2 | 425250 | Осигурување на недвижности и права | | 687.000 |
| 29 | Н2 | 425490 | Други здравствени услуги | | 730.000 |
| 30 | Н2 | 425760 | Превозни услуги во образованието | | 36.100.000 |
| 31 | Н2 | 425990 | Други договорни услуги | | 62.900 |
| 32 | Н2 | 426310 | Семинари и конференции | | 340.000 |
| 33 | Н2 | 426410 | Објавување на огласи | | 350.000 |
| 34 | Н2 | 426990 | Други оперативни расходи | | 467.100 |
| 35 | Н2 | 464990 | Други трансфери | | 2.255.000 |
| 36 | Н2 | 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | 2.180.000 |
| 37 | Н2 | 480190 | Купување на друга опрема | | 1.900.000 |
| 38 | Н2 | 482930 | Реконструкција на други објекти | | 41.602.500 |
| 39 | Н2 | 483120 | Купување на училишен мебел | | 1.790.000 |
| 40 | Н2 | 483190 | Купување на друг мебел | | 630.000 |
| | | | **Вкупно:** | | **404.000.679** |

| Реден број | Шифра | Донаторски сметки | Износ | Програма |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од ЕУ 742 114 | Реконструкција хол ОУ Ѓорги Сугарев | 307.500,00 | |
| | 482 930 | Реконструкција на други објекти | 307.500.00 | НА |
| | | ВКУПНО | 307.500,00 | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за социјална заштита во општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за социјална заштита во општина Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола, одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/8
28.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година

### ВОВЕД

„Наш главен приоритет е отстранувањето на сиромаштијата, гладот и неухранетоста, болестите и неписменоста. Сите програми за социјална заштита мора да се спроведуваат ефикасно. Институциите вклучени во испораката на услугите треба да имаат силно чувство за должност и да работат на транспарентен, без корупција, временски ограничен и одговорен начин.„

*Пратиба Патил*

Општина Битола при донесувањето Програма за социјална заштита внесува веќе применети практики и искуства од други европски градови, услуги за сите социјално - ранливи категории, а во центарот се егзистенцијалните потреби на секој поединец.

Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сферата на социјалната заштита, Општина Битола прави напори да во

рамките на своите можности се вклучи посеофтно и порганизирно во решавање на проблемите на своите граѓани на кои им се заканува сиромаштија и социјална исклученост поради болест, долготрајна невработеност и слични тешки животни околности и им е потребна наша помош.

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Со програмата за социјална заштита општина Битола се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината.

Програмата за социјална заштита за 2024 година на Општина Битола дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните на град Битола, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на Општина Битола. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Битола за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Програмата за социјална заштита на Општина Битола е сеопфатен систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани. Програмата за социјална заштита е социјална инвестиција која ќе произведе позитивни трендови што ќе бидат препознатливи за граѓаните. Општина Битола се обврзува да ги земе предвид реалните услови за живот и потребите на граѓаните, материјалните, професионалните и организациските можности на Општина Битола, како и практичните и теоретски современи достигнувања во социјалната политика.

Со оваа програма се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања.

Појдовна основа за оваа програма е Законот за социјална заштита и ингеренциите кои произлегуваат од него, односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и обезбедат социјална заштита согласно специфичните потреби за социјалната заштита за своите граѓани, но и дополнително, ги штити социјално најранливите граѓани кои, поради неповолни лични или социјални околности, не се во можност сами да ги задоволат своите основни животни потреби.

## ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА

Општината во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата и локалната самоуправа, односно програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2024 година произлегува почитувајќи ги:

- Социјален план на општина Битола 2021-2024,
- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година),
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година ),
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година),
- Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
- Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),

- Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- Националната политика за социјална заштита, и
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Според овие закони, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на здравствена, социјалната заштита и заштита на децата, преку донесување **сопствени Програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита** (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, лицата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита), **заштита на децата** (преку згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација, други облици на детска заштита) и **здравствената заштита** (во поглед на унапредување на здравјето, превентвни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа и сл.) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во Општина Битола е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробитта на своите граѓани, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, девојчињата и момчињата. Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплемантација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ке бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓанит од општина Битола кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици.

Основна цел на програмата за социјална заштита на територија на општина Битола е општината да им помогне на граѓаните во надминување на социјалните ризиците на кои се изложени, и вооедно да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните како и обезбедување на активен однос на Општина Битола кон задоволување на потребите и нтересите на граѓаните преку развој на интегрален, транспарентен и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни и квалитетнии мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на општина Битола.

Социјалната политика на Општина Битола е насочена кон надминување на животните ризици, изедначување на животните можности и подигнување на општата благосостојба на граѓаните. Основните начини на интервенции во социјалната политика се парични или непарични бенефиции, услуги и социјални услуги регулирани со соодветни законски регулативи. Суштината на спроведувањето на мерките за социјална политика е остварување на социјалните права на граѓаните и учество во сите материјални и социјални достигнувања на општеството со акцент на помагање на социјално исклучените граѓани.

Покрај директните форми на помош на најранливите социјални групи како што се: лица без сопствен приход, пензионери, семејства со самохран родител, лица со попреченост, Општина Битола од година во година ги зголемува инвестициите во социјална инфраструктура како што се домување, капитални инвестиции во предучилишни установи, училишта, спортски установи, здравствени установи, се со цел да се постигнат позитивни ефекти врз економската, здравствената и психосоцијалната стабилност на нејзиното население.

При спроведувањето на мерките за социјална политика на Општина Битола, услугите се инструменти што треба да се развиваат во сите области и активности. На долг рок, тие најдобро ги задоволуваат потребите на најголемиот број на корисници. Затоа, во текот на следниот период, Општина Битола ќе инсистира на понатамошен развој и подобрување на социјалните услуги, особено за најранливите социјални групи, преку спроведување на мерките на Социјалната програма.

## ПРИОРИТЕТИ

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Битола во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Финансиска поддршка на лица кои имаат потреба од неа
- Социјална заштита на стари лица
- Ран детски развој
- Социјална заштита на лица со попреченост
- Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост

Социјалната заштита што се развива на локално ниво, на граѓаните ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активности кои ќе се реализираат во текот на 2024 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Градот Битола, во областа на социјалната заштита.

## СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Видови ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма се:

- ризици по здравјето (болест, повреда и попреченост)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

## ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Системот на социјална заштита се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и на неспособните граѓани за работа, со посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Вредности и принципи врз кои се темели Програмата за социјална заштита на Општина Битола се основните принципи на универзалните човекови права и слободи содржани во Универзалната декларација за човекови права, Европската Конвенција за заштита на човековите права, Конвенцијата за правата на детето, и Конвенција за правата на лицата со попреченост, како и на:

- Најдобри интереси на корисниците
- Социјална праведност и солидарност
- Достапност на услугите на корисниците
- Заштита на немоќните
- Учество и одговорност на учесниците
- Грижа и заштита на семејството во било каков облик и децата без родителска грижа
- Родова сензитивност
- Континуитет на заштита

## УЛОГА НА СОВЕТ, ГРАДОНАЧАЛНИК И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПРИ РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Советот на Општина Битола ја усвојува оваа Програма со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живееат во Општина Битола. Со оваа Програма ќе се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања.

Локалната самоуправа има надлежност во делот и на здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразни болести и други области утврдени со закон. Исто така во планирањето на социјалната заштита на локално ниво можи да се оставува и меѓуопштинска соработка, да се основаат заеднички јавни установи од областа на социјална и детска заштита.

Градоначалникот и Советот на Општина Битола се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Но и да се зголемат капацитетите за згрижување на деца до предучилчишна возраст во Детските градинки во Битола.

Програмата е изготвена врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа и се дава на усвојување на Советот на Општина Битола.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства од Буџетот на општина Битола предвидени за 2024 година одредени за таа цел, како и преку други форми и активности за обезбедување финансиска поддршка за нивно реализирање од:

- Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија;
- трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство; и
- други извори.

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

## АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА БИТОЛА 2024 ГОДИНА

Активностите на Општина Битола во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за оставрување на целите на овој план и тоа кон:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи
- Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица и иновативни форми за згрижување на сиромашни семејства
- Помош за лица погодени од несреќи и непогоди
- Промовирање на родовата рамноправност
- Грижа за старите лица
- Помош на лица – жртви на семејно насилство
- Промовирање на родовата рамноправност
- Вклучување во партнерските проекти со повисоки нивоа на власт и граѓански организации.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2024 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во пет основни ставки, како што следува:

Првата активност вклучува **Доделување на еднократна парична помош** и се состои од еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост,

ученици за одредено научно достигнување, лица кои имаат медицински режим на исхрана, Помош на семејства погодени од елементарни непогоди, Помош на семејства за лекување, поддршка на згрижувачки семејства, односно помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во независна положба за надминување на истата.

Втората активност е насловена **Ран детски развој** е активност која во себе вклучува зголемување на капацитетите на детските градинки преку Опремување Детска градинка Мајчин дом преку инвестиција во опрема или дидактички матријали согласно потребите на детската градинка. Како дел од оваа активност вклучен е и надоместок за партиципација на деца во детските градинки за згрижување на деца од загрозени семејства во детските градинки, згрижување на деца жртви на семејно насилство во детските градинки, згрижување на деца со попреченост во детските градинки но исто така тука е и вклучена и инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола како и финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев/ посебна паралелка и Центар за поддршка на учењето на децата. Во оваа активност е вклучена и еднократна парична помош за првоооделенци и поддршка на талентирани деца ученици врз основа на успех – просек.

Третата активност е насочена кон **Социјална заштита на лица со попреченост** и таа ќе биде реализирана преку одржливост Регионален ресурсен центар за слепи лица но и одржување на адаптиран превоз за лица со попреченост, како и користење на бесплатен јавен градски превоз за лица со попреченост со ваучери за бесплатно користење на услугите. Исто така се вклучени и Општинско корисна работа преку воспитно образована дејност за деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно воспитниот процес и/ или образовни асистенти, фасцилитатори за работа со деца од ранливи групи во Инклузивен центар за деца од ранливи групи во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“, негователи и воспитувачи во градинки и обезбедување негователи на стари лица во геријатриска установа и обука на едукатори ќе се стекнат со знаења и вештини за работа со ромски деца од социјално загрозени семејства и со тоа ќе станат конкуренти на пазарот на трудот подобрување на образованието на слепите лица со што лицата кои покасно го загубиле видот и немале можност да се образоваат во специјално училиште за слепи лица им нудиме можност да го научат браевото писмо и стекнување на одредени вештини, кои ќе им помогнат во нивно осамостојување но и ангажирање на лице толкувачи на знаковен јазик кои ќе ги придружуваат лицата со проблеми во слух и говор при посета на институции, медицински установи и слично. Во овој дел се вклучени и дополнително ангажирани лица во јавните претпријатија за обавување на јавни работи во сезонскиот период кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, како и во делот на извршување на дополнителни активности надвор од предвидените програми за работа на ЈП кои се однесуваат на активности на проширување на дејноста на одржување на јавната чистота и подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини, кога се јавува потреба од дополнителни лица ангажирани и доставувачи на решенија за данок на имот.

Покрај тоа е воведена и активноста насловена како Инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата и која предвидува финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за физичка пристапност, со цел надминување на висински растојанија или други физички препреки или бариери до и во домот, адаптација на делови од домот преку набавка на опрема која е прилагодена за користење од страна на лица со попреченост или адаптација во физичкиот простор (прилагодување на тоалет, промена на врати со соодветна ширина за инвалидска количка, правење на пристапни патеки и тн.).

Покрај тоа во оваа активност е предвидено и Општина Битола во соработка со Здруженијата на граѓани и Црвен крст да оствари обука за лични асистенти на лица со попреченост преку едукација на 10 асистенти кои потоа со сертифицирање од обуката лицата се вработени со договор на дело и се исплаќа сатница во соработка со МТСП.

Последната петта активност од оваа програма е насочен кон **Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост** што ќе биде реализирано преку активност насловена како домување за жртви на семејно насилство каде Општина Битола ќе овозможи помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство. Согласно член 35 од Законот за гробишта и погребални услуги, доколку умреното лице било корисник на постојана парична помош и нема семејство, трошоците за истиот се на товар на општината. Според податоците на Центарот за социјални работи на територијата на Општина Битола има 100 потенцијални корисници на постојана парична помош за што Општина Битола обезбедува покривање на трошоци за погреб на социјално загрозени лица и лица без семејство.

Во оваа активност се вклучени и активностите на центар за кариерно – здравствено советување преку обезбедување на кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители и промовирање на здравствената писменост на Ромите од обучени здравствени медијатори и формирање на Центри за здравствено образование на Заедницата согласно проектот Еразмус, подобрување на квалитетот на живот на Роми во општина Битола преку зголемување на нивните капацитети и активно учество во образовниот процес и здравствената заштита.

Згрижување на бездомни лица и лица во ризик, интервентно сместување, односно Општина Битола во соработка со Црвен крст и ЦСР ќе обезбеди интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик кои што поради непредвидени причини, елементарни непогоди, пожар и слично останале без дом, односно, во време на студен бран како и Помош на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и потреби.

Покрај тоа ќе се обезбеди и поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за заштита на потрошувачи, ЛЕСС. Преку програма за млади и спорт ќе се ангажираат студенти во период од еден месец секој во ОБ и ЈП, а ќе се обезбеди и поддршка на спортски клубови кои организираат активности/ и/ или вклучуваат лица со попреченост и ќе се создадат можности за спортување на лица со попреченост и Адаптирани спортски игралишта и сали.

Преку програма за поддршка на здруженија на граѓани РИЛОУД 2, во програма за економски развој ќе бидат поддржани здруженија, финансиски, кои би испорачувале социјални услуги.

Во оваа активност предвидено е и и Активности со граѓани во Недела на демократија и Поддршка за волонтерски акции.

Програмските активности за социјална заштита ќе ги реализира Општина Битола во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, со физичките, правните лица и здруженијата на граѓаните.

## ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Битола се:

- обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;
- организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Битола.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Битола го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област.

Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во Сл.Гласник на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2025 година.

Бр.09-174/10
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доделување на парична помош | | | | | | |
| 1.1. | Еднократна парична помош на физички лица | Градоначалник, Комисија за финансии и буџет | Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик, жртви на семејно насилство, лица со попреченост, ученици за одредено научно достигнување, лица кои имаат медицински режим на исхрана, Помош на семејства погодени од елементарни непогоди, Помош на семејства за лекување, поддршка на згрижувачки семејства | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата | 2024 | 4.000.000,00 ден | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 2 | Ран детски развој | | | | | | |
| 2.1. | Зголемување на капацитетите на детските градинки | Општина Битола, Одделенеи за комунални дејности, МТСП, Светска банка | Опремување Детска градинка Мајчин дом | Згрижување на поголем број на деца во детски градинки | 2024 | 500.000,00 ден | Број на зголемен капацитет по деца во детските градинки, број на ангажирани лица |
| 2.2. | Партиципација детски градинки | Општина Битола, Градинките | Согласно член 53 од Законот за заштита на деца МТСП донесе правилник за критериуми за остварување на право на партиципација но Општина Битола тоа го проширува и на други категории на деца | Згрижување на деца од загрозени семејства во детските градинки, Згрижување на деца од родители жртви на семејно насилство во детските градинки, Згрижување на деца на лица со попреченост во детските градинки | 2024 | 2.500.000,00 ден | Број на згрижени деца од загрозени семејства во детските градинки |
| 2.3. | Инклузија деца Роми | Општина Битола , МТСП | Со проектите за инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола, Општината обезбедува финансиски средства за нивни превоз и месечен надоместок за градинка. | Целта е нивно вклучување во воспитно образовниот процес и социјализација со другите деца, стекнување здрава навики, згрижување на овие деца и олеснување на нивната адаптација пред да започнат со редовно школување. | 2024 | 340.000,00 ден | Број на деца Роми вклучени во процесот на инклузија, број на Здруженија на граѓани вклучени во процесот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.4. | Обезбеден превоз на деца со попреченост до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев | Општина Битола | Финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев/ посебна паралелка | Преку програма за образование | 2024 | Преку програма за образование | Број на лица вклучени |
| 2.5. | Обезбеден превоз на деца со попреченост до и од Центар за поддршка на учењето на децата со попреченост во во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ | Општина Битола | Финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев и Ресурсен центар Кочо Рацин/ третмани | Олеснет пристап на деца со со попреченост до услуги | 2024 | Преку програма за образование | Број на лица вклучени |
| 2.6. | Еднократна парична помош за првоооделенци | Општина Битола | Еднократна парична помош е во износ од 3.000,00 денари нето износ по дете, на семејства кои запишале дете во прво одделение во Општинските основни училишта . | Намалување на финансискиот товар на родителите кои имаат првоооделенци | 2024 | Во програма за образование | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 2.7. | Поддршка на талентирани деца ученици | Општина Битола | Поддршка на талентирани деца ученици врз основа на успех – просек и натпревари | Признавање на нивните напори | 2024 | Во програма за образование | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 3 | Социјална заштита на лица со попреченост | | | | | | |
| 3.1. | Одржливост Регионален ресурсен центар за слепи лица | Општина Битола | Центарот е формиран со поддршка на УНДП и 5 те општини.За отварање на центарот и негово функционирање изготвен е елаборат според кој на годишно ниво потребни средства за функционирање се 1.500.000 ден од кои МТСП ќе обезбеди 1.000.000 ден . а општините според Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе финансираат со 2% од буџетот за финансирање на Здруженија на граѓани и фондации | Трансфер на Центар за слепи лица | 2024 | 60.000,00 ден | Број на лица кои го посетуваат, ги користат услугите и број на лица кои ги обезбедуваат услугите |
| 3.2. | Користење на јавниот градски превоз за лица со посебни потреби | Општина Битола | Набавка на ваучери за користење на јавен градски превоз за лица со посебни потреби | Користење на јавниот градски превоз за лица со посебни потреби | 2024 | 10.000,00 ден | Број на изготвени картици за лица кои користат бесплатен јавен превоз, број на превозници вклучени во процесот |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3. | Општинско корисна работа | УНДП општина | Воспитно образована дејност за деца со попреченост преку обезбедување лични асистенти во наставно воспитниот процес и/ или образовни асистенти, фасцилитатори за работа со деца од ранливи групи во Инклузивен центар за деца од ранливи групи во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“, негователи и воспитувачи во градинки и обезбедување негователи на стари лица во геријатриска установа, обука на едукатори кои работат со ромски деца и изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, толкувачи на знаковен јазик 2.000.000,00 Општина, 2.000.000,00 УНДП (20 лица 80% финансирани од УНДП и 20% Општина Битола и 10 лица финансирани од Општина Битола) | Ангажирање на 13 0бразовни асистенти за 13 крајни корисници во средни училишта каде има потреба, зголемување на бројот на лични асистенти на ученици, ангажирање на 12 негователи во градинки и негователи на стари лица во геријатриска установа, едукатори кои работат со ромски деца и изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, толкувачи на знаковен јазик | 2024 | 3.500.000,00 ден | Број на деца со попреченост вклучени во редовен образовен процес, број на образовни и лични асистенти вклучени, број на негователи вклучени |
| 3.4. | Јавни работи | Општина Битола, Јавните претпријатиј а | Ангажирање на дополнителен број на извршители во Јавните претпријатија основани од Општината кои би биле ангажирани за наведените активности и доставувачи на решенија за данок на имот | Со овој проект се планира да бидат работно ангажирани околу 25 - 30 невработени лица со ниско и средно образование во период од 4 месеци. | 2024 | 3.100.000,00 ден | Број на лица вклучени |
| 3.5. | Инфраструктура за лица со попреченост | Одделение за ЛЕР и ЈП за просторно планирање изработка на проектна документац ија, Одделение за комунални дејности | Мапирање на функционалната пристапност и приспособување на објекти, Изработка на проектна документација, Изградба на пристапни рампи | Со цел да се подобри животот на лицата со оштетен вид, слух, лица со телесна попреченост, Општина Битола ќе помогне во прилагодување на постоечка инфраструктура и покрене иницијатива за отпочнување на постапка за изградна на нова инфраструктура во рамките на финансиските можности . во програма на одделение комунални дејности | 2024 | Одд. за комунални дејности | Изготвен план на објекти за кои е потребно приспособување, Ирзботена проектна документација, Број на објекти кои добиле притапна рампа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.6. | Обука на лични асистенти за лица со попреченост | Општина Битола, ЗГ | Општина Битола во соработка со Здруженијата на граѓани и Црвен крст ќе оствари Обука за лични асистенти на лица со попреченост преку едукација на 30 асистенти | Со сертифицирање од обуката лицата се вработени со договор на дело и се исплаќа сатница во соработка со МТСП | 2024 | 200.000,00 ден | Стари и изнемоштени лица на ниво на општина Битола |
| 3.7. | Адаптација на физичка пристапност за лица со попреченост во домот на лицата | Општина Битола | Финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација на физичката пристапност во нивниот дом преку покривање на дел или целосно на трошоците за адаптација како и опрема адаптирана за лица со попреченост | Пристапни домови за лица со физичка попреченост | 2024 | 500.000,00 ден | Број на лица кои добиле поддршка за адаптација |
| 4 | Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост | | | | | | |
| 4.1. | Домување за жртви на семејно насилство | Општина Битола | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство | Финансиска поддршка одд 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за изнајмување на место за живеење во период од 12 месеци откако ќе го напушти шелтер центарот | 2024 | ЕМ | Број на лица кои користат фин подршка за домување |
| 4.2. | Социјален погреб | Општина Битола | Согласно член 35 од Законот за гробишта и погребални услуги , доколку умреното лице било корисник на постојана парична помош и нема семејство , трошоците за истиот се на товар на општината. Според податоците на Центарот за социјални работи на територијата на Општина Битола има 100 потенцијални корисници на постојана парична помош | Покривање на трошоци за погреб на социјално загрозени лица и лица без семејство | 2024 | 200.000,00 ден | Обезбедени услуги |
| 4.3. | Центар за кариерно – здравствено советување | Општина Битола ЗГ Сумнал | Обезбедување на кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители, Промовирање на здравствената писменост на Ромите од обучени здравствени медијатори и одржување на Центри за здравствено образование на Заедницата согласно проектот Еразмус | Подобрување на квалитетот на живот на Роми во општина Битола преку зголемување на нивните капацитети и активно учество во образовниот процес и здравствената заштита | 2024 | Донаторска | Број на Лица од ранливи групи-роми на ниво на општина Битола вклучени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4. | Згрижување на бездомни лица и лица во ризик, интервентно сместување | Општина Битола во соработка со Црвен крст и ЦСР | Интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик кои што поради непредвидени причини, елементарни непогоди, пожар и слично останале без дом | Згрижување на бездомници во период на студен бран, згрижување на лица, семејства, вклучително и деца кои што се во ризик – привремен дом во хотел Битола | 2024 | **1.000.000,00 ден** | Број на лица згрижени |
| 4.5. | Помош на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и потреби | Општина Битола | Поддршка за лица со ретки болести | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата | 2024 | **1.000.000,00 ден** | Број на лица вклучени |
| 4.6. | Студентска пракса | Општина Битола, Универзитет | Студенти практиканти ангажирани во ОБ и ЈП | Ангажирање на 30 студенти во период од еден месец секој во ОБ и ЈП, | 2024 | Програма за млади и спорт | Број на лица вклучени |
| 4.7. | Недела на демократија | Општина Битола | Активности со граѓани | Промоција и поттик на демократски процеси | 2024 | 150.000,00 ден | Број на лица вклучени |
| 4.8. | Поддршка на ЗГ кои испорачуваат социјални услуги | Општина Битола, ЗГ | Преку програма за поддршка на здруженија на граѓани РИЛОУД 2, во програма за економски развој | Поддржани здруженија, финансиски, кои би испорачувале социјални услуги | 2024 | Програма за економски развој | Број на ЗГ вклучени |
| 4.9. | Поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за заштита на потрошувачи, ЛЕСС | Општина Битола, Совети за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за заштита на потрошувачи | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на ОСПДП | Зголемување на обемот и квалитетот на активности во реализација на Советите, Подобрување на капацитетите на советите, Зголемена активност на ЗГ | 2024 | 300.000,00 ден | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| 4.10. | Поддршка за волонтерски акции | Општина Битола, Советот на волонтери | Финансиска, материјална поддршка при реализирање на активности на Советот на волонтери | Зголемување на обемот и квалитетот на волонтерски активности, Реализирање на волонтерски акции | 2024 | 300.000,00 ден | Број на активности и број на лица и ЗГ вклучени во нив |
| **ВКУПНО** | | | | | | **15.660.000,00 ден** | |

# ПРИЛОГ 1

| Шифра | | |
|---|---|---|
| 471 110 | Субвенции и трансфери | Износ 2024 |
| | Еднократна парична помош на физички лица | 4.000.000,00 ден |
| | Вкупно | 4.000.000,00 ден |
| 425 920 | Картички за лица со попреченост | 10.000,00 ден |
| | Вкупно | 10.000,00 ден |
| 425 990 | Инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата | 500.000,00 ден |
| | окр л5 - образовни асистенти во средно, толкувач на знаковен јазик, негователи и воспитувачи во градинки, обезбедување негователи на стари лица во геријатриска установа, едукатори кои работат со ромски деца, изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, фасцилитатори во дневен престој за деца од ранливи групи | 1.500.000,00 ден |
| | Јавни дејности | 3.100.000,00 ден |
| | Вкупно | 5.100.000,00 ден |
| | Опремување Детска градинка Мајчин дом | 500.000,00 ден |
| 464 990 | Партиципација детски градинки | 2.500.000,00 ден |
| | Помош на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и потреби | 1.000.000,00 ден |
| | Инклузија деца Роми | 340.000,00 ден |
| | Трансфер Центар за слепи лица | 60.000,00 ден |
| | Социјален погреб | 200.000,00 ден |
| | Згрижување на бездомници | 1.000.000,00 ден |
| | Обука на лични асистенти за лица со попреченост | 200.000,00 ден |
| | Вкупно | 5.800.000,00 ден |
| 463 110 | Поддршка на активностите на Советот за превенција на детско престапништво, за социјална заштита, за превенција, за безбедност на сообраќајот на патиштата, за заштита на потрошувачи, ЛЕСС | 300.000,00 ден |
| | Недела на демократија - активности со граѓани | 150.000,00 ден |
| | Поддршка за волонтерски акции | 300.000,00 ден |
| | Вкупно | 750.000,00 ден |
| | ВКУПНО | 15.660.000,00 ден |

| Реден број | Шифра | Донаторски сметки | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 742 111 | - Приходи од УНДП | **2.200.000,00** |
| | | | **L5 2200000** |
| 2 | Буџет на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија | Работно ангажирање – Јавни работи | **160.000,00** |
| | Приходи од ЕУ | Здравствени медијатори ЕРАЗМУС | **300.000,00** |
| | 463 110 | Трансфер на ЗГ | **300.000,00** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година, донесена на вонредна седница на Советот на Општината Битола, одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/9
28.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за активностите во областа на спортот и младите во општина Битола за 2024 година

### Вовед

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите луѓе.

Нашата визија е да се унапреди родовата рамноправност во спортот како на локално така и на државно ниво. Сметаме дека во блиска иднина Општина Битола во своите програми, стратегии како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на женските спортисти исто како и машките спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување како на едните така и на другите. Потребно е постојано да се следат и идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално и национално ниво, подготвување на препораки за надминување на родовата дискриминација во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи.

Меѓу нашите цели исто така се и воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите и институционален развој за прашањата поврзани со нив при што се продлабочува начинот на вклучување на младите во локалната заедница.

### Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2023г. е направена врз основа на основните одредби од Законот за спорт, Законот за младинско учество и младински политики и Законот за локална самоуправа. Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а особено спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби;

- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби, како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните;

- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, планирање и

изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;

- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;

- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Спортот е дел и од Уставот каде во член 47 став 5 се вели „Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот“, следствено на тоа спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација.

Програмата за активностите во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2023 е направена и врз основа на Законот за младинско учество и младински политики. Цел на овој закон е да обезбеди:

- креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;

- зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;

- промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите во процесот на донесување на одлуки и политики;

- поддршка и унапредување на младинското организирање;

- поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво;

- поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и

- поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите.

**Цели на програмата**

Главни цели на програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024г. е афирмирање на Општина Битола како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.

Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот и младите ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Младите голем дел од своето време го поминуваат гледајќи телевизија или пред компјутер, каде несвесно се подложени на делување кое доведува до негативен одраз врз повеќе сегменти од нивниот живот. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и нивно образување кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности односно спорт за сите ќе придонесат поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини како што се моториката, спортското здравје итн.

Преку организирањето на систем на натпревари и други спортски манифестации ќе се создаваат услови за настапи во земјата и во странство на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи како и развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост и пречки во развојот.

Општина Битола преку поддршка на вакви спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на можностите и потенцијалите на општината.

**Методологија**

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови/здруженија и националните спортски федерации. Спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со Законот за спорт.

Вреднувањето на доставените програми се одредува врз основа на:

- остварени спортски резултати ( клубови кои што се натпреваруваат во највисоките лиги на натпревари или клубови кои што имаат индивидуални спортисти со остварен висок пласман: прво, второ или трето место на официјалните Европски и Светски Првенства )
- број на учесници во активностите или манифестациите во поднесените програми и проекти
- број на жени кои се вклучено во спортските активности
- број на лица со посебни потреби кои се вклучени во спортските активности
- број на земји учеснички
- манифестацијата да е во календарот на спортската федерација
- манифестацијата да е во календарот на меѓународната спортска асоцијација, со статус и категорија на меѓународен натпревар и сл.

Вредности и принципи на програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола за 2024

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024г. се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на спортот како и континуирано создавање услови за спортување.

**Развој** - континуирана поддршка на спортските клубови/здруженија за реализација на програмите и проектите и создавање на можности за омасовување на спортот и зголемување на бројот на спортисти кои се занимаваат со спортски активности на сите нивоа како и унапредување на инфраструктурните капацитети за подобрување на условите за тренинг.

**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.

**Еднаков третман** - општина Битола во својата Програма почитува еднаков третман на сите чинители. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата како и лицата со посебни потреби имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација до сите спортски објекти.

**Пристапност до објектите за спорт** - општина Битола на спортистите им овозможува користење на спортските сали за спортски тренинзи без надомест и тоа во професионалниот спорт кај оние кои што се натпреваруваат во највисоките првенствени лиги, а кај аматерскиот спорт на спортски клубови/здруженија кај кои поединци имаат остварено највисоки спортски резултати од официјални Европски и Светски Првенства (I, II III место) и тоа признати од националните спортски федерации во континуитет од неколку години.

**Промоција** - спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време.

## VII. Активности за реализација на Програма за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола 2024 година

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола со вкупна вредност 55.000.000 денари од општина Битола.

Оваа Програма и активностите во неа ќе се дополнуваат согласно потребите кои ќе произлезат во тековната 2024 година, но активностите кои што се предвидени во неа се одделени во пет основни ставки, како што следува:

Програмата за активностите во областа на спортот се состои од активности за :

- Поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови/здруженија и индивидуални спортисти кои егзистираат на подрачјето на Општина Битола.

Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови и индивидуални спортисти регистрирани на подрачјето на Општина Битола преку објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на

спортски здруженија и спортисти, а средствата ќе се доделуваат согласно Методологија за определување на критериуми за доделување на финасиска помош на спортски здруженија и индивидуални спортисти од буџетот на Општина Битола.

- Поддршка и развој на училишен спорт со реализирање на спортски активности и систем на натпревари на учениците.

Во насока на унапредување на училишниот спорт општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола како и универзитетскиот спорт.

- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.

Општина Битола ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спорт на граѓаните и на лицата со посебни потреби во општината. Рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно вклучување во спортскиот живот на општината.

- Поддршка на традиционални манифестации, хуманитарни манифестации и манифестации од особен интерес на општина Битола.

Општина Битола ќе ги финансира манифестациите од локален, регионален, национален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот

- Поддршка на дополнителни програми и проекти на останати спортски организации и спортски друштва кои се од интерес на Општина Битола.

Општина Битола ќе ги поддржува професионалните акционерски друштва кои ја претставуваат општината на меѓународната спортска сцена, спортско-рекреативни активности на лица со посебни потреби, женски спортски здруженија како и спортски здруженија/клубови кои се натпреваруваат во колективни спортови во државните лига натпревари.

Носители на мерките предвидени во Програмата се општина Битола, Агенција за млади и спорт, Министерство за образование и наука, Владата, единиците на локална самоуправа, спортски федерации, МОК, Факултет за физичко образование, спорт и здравје, образовни институции, граѓански организации, бизнис сектор.

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **ЈАВЕН ПОВИК** | | | | | | |
| 1.1. | Општина Битола ќе ги поддржува активностите на спортските клубови/ здруженија регистрирани на подрачјето на општина Битола | Општина Битола Комисија за млади и спорт Комисија за финансии и буџет | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за спортски клубови/здруженија. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на матичните национални федерации во која членува. | Општина Битола обезбедува финансиска поддршка за реализација на програмите на спортските клубови/здруженија.Подносителот на програмата треба да достави:<br>- програма или проект за активностите во областа на спортот кои што ги планираат да ги остварат во тековната година<br>- извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година ( пропратна документација за потрошените средства)<br>- финансиски план и динамичен план за користење на средствата<br>- спортскиот клуб/здружение треба да биде регистриран | 2024 | 1.500,000.00 ден.<br><br>1.400.000,00 ден од 2023 | Број на спортски клубови/здруженија кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати и нивното рангирање во матичните федерации во АМС |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | согласно Законот на здруженија (тековна состојба не постара од 6 шест месеци)<br>- бројот на спортисти и спортски екипи кои што ќе настапат согласно програмата<br>- доказ дека активно учествува во натпреварувањата кои се организирани од програмите на соодветните спортските федерации при Агенцијата за млади и спорт согласно Законските регулативи.<br>- здружението да биде со седиште во општина Битола | | | |
| 1.2 | Општина Битола ќе ги поддржува и индивидуалните спортисти кои со своите резултати достојно ја претставуваат општината на репрезентативно ниво | | Објавување на Јавен повик за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола за индивидуални спортисти. Критериумите за висината на финансиските средства ќе ги одреди Комисијата за млади и спорт од Совет на општина Битола и Комисијата за евалуација на барања за финансиски средства од општинската администрација<br>Поддршката треба да се заснова врз основа на реални параметри и потврда од страна на клубовите дека е член на истиот. | Општина Битола обезбедува поддршка за постигнатите спортски резултати на индивидуалните спортисти.<br>Право на финансиски средства (стипендија) имаат:<br>- секој ученик или ученичка жител или жителка на Општина Битола<br>-редовен или вонреден ученик или ученичка во средно училиште на подрачјето на Општина Битола<br>-активен спортист/ка, член/ка на спортски клуб од подрачјето на Општина Битола регистриран во матичната национална спортска федерација<br>-репрезентативци во индивидуални спортови<br>-репрезентативци во екипни спортови<br>-високи спортски резултати во претходната 2020 година и во 2021 година се до завршувањето на Јавниот повик | | 500,000.00 ден.<br><br>400.000,00 ден од 2023 | Број на спортисти кои што добиле финансиска поддршка<br>-Постигнати спортски резултати на репрезентатив но ниво<br>Број на жени/девојки со постигнати спортски резултати |
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **2.** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | | | |
| 2.1.<br><br>2.2. | Традиционални манифестации:<br><br>Манифестации од особен интерес | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општина Битола ќе ги финансира спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на континуитетот на вакви манифестации за кои има интерес од страна на граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во општината. | Организаторот на спортската манифестација кој конкурира за добивање на средства од буџетот на Општина Битола доставува:<br>- програми и проекти за организација на спортска приредба или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- организационен одбор на манифестацијата<br>- спортисти,спортски екипи кои ќе настапат<br>- број на лица со посебни потреби вклучени во манифестацијата<br>- број на жени вклучени во манифестацијата | 2024 | 1.150,000.00 ден.<br><br>100,000.00 ден. | Број на реализирани манифестации<br>Број на вклучени лица,број на вклучени жени и број на лица со посебни потреби |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3. | Хуманитарни манифестации | | | - извештај за финансиските средства доколку им биле доделени во претходната година | | 100,000.00 ден. | |
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **3.** | **УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | | | | | |
| 3.1. | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите и спортските активности на учениците, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од основните и средните училишта на подрачјето на општина Битола | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови | Општина Битола ќе продолжи да ги финансира општинските Училишни Лиги кои се формираат со единствена цел за масовност и поголема застапеност на ученици во лигите кои предходно не се занимавале активно со спорт и со посебен акцент за вклучување на ученици од пониските одделенија и класови. | Училишните лиги ќе придонесат за зголемување на процентот на деца кои ќе се занимаваат со спорт во иднина. Училишните лиги ќе ги организираат директорите на основните и средните училиштата во соработка со општината. | 2024 | 400,000.00 ден. | Број на училишни спортски клубови, број на вклучени деца кои не се занимаваат со спорт, број на женски деца, број на деца со посебни потреби |
| 3.2. | Општина Битола ќе ја финансира и Програмата на Општинскиот сојуз на училишен спорт која е во согласност со Програмата на Федерацијата на училишен спорт и истата е од натпреварувачки карактер | Општина Битола, Општински сојуз на училишни спортови, Федерација на училишен спорт | Програма претставува збогатување и унапредување на постоечкиот класичен систем на натпревари преку организирање на зонско–меѓузонски, регионални и државни лиги во повеќе спортови од спортските игри, каде основните и средните училишта, преку нивните училишни спортски клубови ќе се вклучат со поголем број ученици во континуиран тренажен процес и зголемен број на натпревари во лиги организирани на три нивоа во текот на целата учебна година. | Основна цел е да се унапреди училишниот спорт со зголемување на бројот на ученици во спортските активности и системот на натпревари. Реализацијата на проектот ќе биде во функција на забрзан развој на системот училишен спорт и целокупниот спорт во нашата држава. | | 400.00 ден. | Квалитативно системско зајакнување на училишниот спорт<br>Степен на рангирање на училишните спортски клубови на државно ниво |
| 3.3. | Општина Битола ќе го финансира и Универзитетскиот спорт | Општина Битола, Универзи-тетска спортска федерација на Македонија | Општина Битола ќе воспостави национален спортски систем на универзитетите и факултетите како и организирање на спортско-рекретаивни активности на студентите | Преку поддршка на Програмата на Универзитетската спортска федерација на Македонија ќе се придонесе омасовување на универзитетскиот спорт и грижа за спортистите - студенти | | 300,000.00 ден. | Број на студенти кои ќе земат учество на меѓу универзитетск ите лига натпревари на ниво на државата;<br>база за организација и релизација на Прв и Втор степен на натревари на студените кои студираат на постојните (12 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | универзитети) кои организираат систем на натпревари со опфат на студентите од сите години на студии; |
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **4.** | **ПРОФЕСИОНАЛЕН СПОРТ** | | | | | | |
| 4.1. | Општина Битола во насока на унапредување на спортот ќе ги поддржува и финансира професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на Општина Битола | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Финансиска поддршка на програмите на професионалните акционерски друштва и спортски здруженија во кои општината Битола има капитал: ФК Пелистер АД Битола, РК Еурофарм Пелистер АД Битола, КК Пелистер АД Битола.<br>Препорака:Финансиските средства треба да се распределуваат согласно унапредувањето на родовата еднаквост односно еднаквите можности на мажите и жените. | Со поддршката на професионалните спортски клубови – акционерски друштва им се помага во разрешување на финансиските тешкотии со што ќе понудат соработка и да привлечат голем број компании кои ќе вложуваат.<br>Оваа мерка ќе се придонесе следење на европските и светските искуства каде што најголем број на клубови функционираат како акционерски друштва, регулирање и утврдување на сопственоста и сопственичката структура на клубовите, привлекување на повеќе спонзори и приватни компании кои ќе инвестираат во спортските клубови. | 2024 | 41.000.000,00 ден | Степен на рангирање во првенствените лиги на спортските федерации<br>Број на меѓународни натпревари |
| **5.** | **ДОПОЛНИТЕЛНО УТВРДЕНИ АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| 5.1. | Женски спортски клубови/здруженија | Општина Битола Комисија за евалуација на барање за финансиски средства | Општината ќе го поддржува и женскиот колективен спорт односно здруженијата кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионални акционерски друштва | Зголемување на вклученоста на жените и девојчината во највисоките првенствени лиги и поттик за подеднакво финансирањето на жените и мажите, момчињата и девојчињата во спортот.<br>Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | 2024 | 2.000,000.00ден. | Степен на рангирање во националните лиги на спортските федерации<br>Број на национални и меѓународни натпревари |
| 5.2 | Програми и проекти за активности на лица со посебни потреби | | Општина Битола ќе ги поддржува активностите и проектите на спортските клубови/здруженија кои што работат со деца и лица со посебни потреби | Зголемување на вклученоста на лицата со посебни потреби во спортски активности.<br>Организаторот или носителот на проектот/активноста до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање | | 500,000.00 ден. | Број на лица со посебни потреби<br>Број на жени со посебни потреби |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - број на лица со посебни потреби кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | | |
| **5.3** | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции во програмата за активности во областа на спортот, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот во Општина Битола за 2024 година. | | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходни позиции во програмата за активности во областа на спортот, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот во Општина Битола за 2024 година. | Организаторот или носителот на проектот/активноста до општина Битола доставува: - - програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на лица со посебни потреби кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација. | | 300,000.00 ден. | Број на реализирани проекти/манифестации/активности<br>Број на вклучени млади, жени и број на лица со попреченост |
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси | Индикатори |
| **6.** | **МЛАДИ** | | | | | | |
| 6.1. | Поддршка на проекти за млади (Акционен едногодишен план – Стратегија за млади) | Општина Битола, Комисија за млади и спорт | Организации на трибини, курсеви и презентации кои континуирано ќе овозможуваат активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање. | Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски активности во нивното слободно време. Организирање на активности за користење на слободното време на младите преку редовни посети на (натпревари, фестивали, промоции, саеми). | 2024 | 550.000,00 ден. | Број на активности<br>Број на млади вклучени во нив<br>Број на вклучени лица со попреченост<br>Број на вклучени жени |
| 6.2. | Младински Центар | | Финансирање на Младински центар | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 950.000,00 ден | Број на активности<br>Број на млади вклучени во нив |
| 6.3 | Програма/акивности на Локален младински совет | | Општина Битола ќе ги финансира програмите, проектите, активностите и манифестациите на Локалниот младински совет | Воспоставување на механизми за вклучување на младите во изразување и усвојување на нивното мислење во локалната самоуправа како и активно учество во имплементацијата на програмите кои опфаќаат сфери на интерес на младата популација. | | 100.000,00 ден. | Број на активности<br>Број на млади вклучени во нив |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.4. | Студентска пракса | Општина Битола, Комисија за млади и спорт Универзи-тет | Студенти практиканти ангажирани во Општина Битола и Јавни претпријатија | Ангажирање на студентите во Општина Битола и Јавни претпријатија со цел поголема вклученост на млади со стекнати практики | 2024 | 500.000,00 | Број на ангажирани студенти Број на студенти со посебни потреби Број на вклучени жени |
| **7.** | **СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА** | | | | | | |
| 7.1. | Спортски објекти | Општина Битола, АМС, Олимписки комитет Општина Битола, | Реконструкција и модернизација на фудбалски стадиони во градските и руралните средини | Подобрување на условите за тренинг како главен предуслов за постигнување на врвни спортски резултати | 2024 | Програма за комунални дејности | Број на спортисти Број на фудбалери Број на привзаници на спортско навивање |
| **7.2.** | Адаптација на спортски игралишта и сали прилагодени за лицата со попреченост | | Поставување на пристапни рампи во спортските објекти и училишните спортски сали | Подобрување на можностите за спортување на лица со попреченост | | Програма за комунални дејности | Број на извршени адаптации Број на ученици со попреченост Број на лица со попреченост Број на жени со попреченост |
| 7.3 | Спортски планинарски и скијачки клубови/здруже-нија | | Општина Битола ќе ги поддржува активностите и проектите на планинарските и скијачките спортски клубови/здруженија за зголемена популаризација на овие спортови, создавање на оптимални услови за спортување како и развој на масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните | Зголемување на вклученоста на спортистите во планинарските и скијачките спортови. Организаторот или носителот на проектот до општина Битола доставува:<br>- програма за реализација на проект, спортска активност или манифестација<br>- финансиски план и извори на финансирање<br>- број на учесници-спортисти, спортски екипи, број на деца со посебни потреби и број на жени кои ќе настапат во програмата, проектот, натпревар, активност или манифестација | | 1,000,000.00ден. | Број на натпревари и број на вклучени спортисти. Број на меѓународни натпревари. Број на настани за развој на масовниот спорт и рекреација на граѓаните во природа, особено во планината |
| 7.4. | Спортска опрема и реквизити | | Набавка и поставување на спортски реквизити и опрема на отворени и затворени спортски терени (кошаркарски табли и обрачи, ракометни и фудбалски голови, мрежи, топки , пинг-понг маси) | Подобрување на спортската инфраструктура и замена на дотраените спортски реквизити и опрема со нови. | | 500.000,00 ден. | Број на учесници-спортисти, спортски екипи, училишни спортски екипи |

## ПРИЛОГ 1

| Програма | Опис на активност | Планирано за 2024 год. |
|---|---|---|
| ЛО - ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ | **Професионален спорт** | |
| | Фудбалски клуб Пелистер | 14.000.000,00 ден |
| | Кошаркарски клуб Пелистер | 12.000.000,00 ден |
| | Ракометен клуб Еурофарм | 15.000.000,00 ден |
| | **Училишен спорт** | |
| | Училишен спорт | 800.000,00 ден |
| | Универзитетски спорт | 300.000,00 ден |
| | **Спортски манифестации** | |
| | Традиционални манифестации, манифестации од особен интерес, Хуманитарни манифестации | 1.350.000,00 ден |
| | **Дополнителни активности** | |
| | Женски клубови/здруженија | 2.000.000,00 ден |
| | Други активности | 300.000,00 ден |
| | Активности за лица со попреченост | 500.000,00 ден |
| | **Млади** | |
| | Младински проекти | 550.000,00 ден |
| | Младински центар | 950.000,00 ден |
| | **Спортски објекти** | |
| | Спортски планинарски и скијачки клубови | 1.000.000,00 ден |
| | Вкупно | 48..750.000,00 ден |
| | **Јавен повик** | |
| А0 | - Правни лица | 2.900.000,00 ден |
| | - Физички лица | 900.000,00 ден |
| | Студентска пракса | 500.000,00 ден |
| | Локален Совет на млади | 100.000,00 ден |
| | Вкупно | 4.400.000,00 ден |
| ЛА - СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ | Набавка на спортска опрема и реквизити | 500.000,00 ден |
| | Вкупно | 500.000,00 ден |
| ЕО - Општинска администрација | Набавка на палети за Спортска сала Борис Чурлевски | 1.250.000,00 ден |
| | Вкупно | 1.250.000,00 ден |
| ДО - ГРАДОНАЧАЛНИК | Градоначалник | 100.000,00 ден |
| | Вкупно | 100.000,00 ден |
| ВКУПНО ПРОГРАМА | | 55.000.000,00 ден |

### Реализација на програмата

Висината на средствата за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во општина Битола се определува со усвојувањето на буџетот од страна на Совет на Општина Битола.

Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година се финансира од буџетот на општина Битола, донации и спонзорства, а поединечната евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка кои се предвидени во оваа програма ги евалуира Комисија од општинската администрација. Извршените евалуации Комисијата ги доставува за одобрување согласно определената надлежност за доделување на финансиски средства. Комисијата при реализација на програмата има обврска да ги почитува принципот на јавност и транспарентност и при доделување на средствата да води сметка за усогласеност на исплатата со неопходноста за исплата и финансиски можности на буџетот на општина Битола. При евалуација Комисијата ќе посветува посебно внимание на оправданоста на потрошени средства од претходни реализации на програми и проекти од Програмата за активности во областа на спортот и младите во општината Битола, образложени во навремено доставен извештај по реализиран проект.

Оваа Програма влегува во сила со објавувањето во Сл.Гласник на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2025 година.

Бр.09-174/11
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за култура во Општина Битола за 2024 година**

Се објавува Програма за култура во Општина Битола за 2023 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1437/10 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 28.12.2023 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | Тони Коњановски |

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за култура во Општина Битола за 2024 година**

## 1. ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активностите што ќе се реализираат во 2024 година, а преку кои што ќе се имплементираат надлежностите на Општина Битола во областа на културата и ќе се дефинира локалниот интерес во културата.

## 3. ЦЕЛИ / ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

### *А. 3.1 Основни цели / приоритети*

Основни цели на Програмата на Општина Битола од областа на културата:

1. Доближување на културата до сите граѓани.

- Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Битола рамноправно да учествуваат како творци и како корисници, во културата и во културните случувања.

2. Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.

- Земајќи ја во обзир перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се подржуваат експериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

### *В. 3.2 Специфични цели / приоритети*

- Промовирање на европски вредности
- Стимулирање на креативното творештво и изразување на младите
- Интерактивно искуство кај младите
- Поддршка на визуелната уметност
- Соработка со уметници-креативци од Општина Битола
- Унапредување на соработката со националните институци од областа на културата
- Инклузија на деца со посебни потреби во областа на културата

## 4. ИСКОРИСТУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА КАКО РЕСУРС ЗА РАЗВОЈ

Според новите концепции културата се третира како развој. За да може културата да го облагородува и да го подига квалитетот на живот, за да биде елемент и орудие на општествениот развој, неопходно е самата постојано да се ревитализира и да се развива, за да може да обезбеди духовна и економска репродукција. Културата и творештвото не можат во целост да ја обезбедуваат својата економска репродукција на пазарот. Прво заради тоа што голем број културни дејности заштита на спомениците на културата, библиотекарство, кинотична и музејска дејност) по својата природа се непрофитни и второ, нашиот пазар е мал и ограничен и не може од продажба на културни производи да се оствари доволен профит кој би ја обезбедувал економската репродукција на културата.

Искористувањето на културата како ресурс за развој, претпоставува дека таа нема да се однесува само на интимниот свет на уметноста. Културата, како начин на живеење, е и човеков однос кон другите, кон животната околина и кон природата. Брзите промени предизвикани од научно-технолошката револуција и од индустријализацијата, потоа непромислената урбанизација и демографските промени, како и неконтролираното искористување на природните богатства, доведе до ерозија на животната средина. На фонот на еколошките иницијативи кои се залагаат за ревитализација на животната средина, оваа програма ќе поттикнува акции за нивна надградба и естетизација на просторот, преку оживување на старите градски јадра, преку освојување на нови простори за културни случувања, преку опустошените рурални средини, преку хортикултурно уредување и тн.

Проширувањето на подрачјето на културата ќе се одвива и низ развојот на културниот туризам. Со културниот туризам се афирмира и промовира културното наследство на домашната и на странската публика, а поврзувајќи се со една економска дејност, културата ќе остварува финансиска добивка, ќе се потпомага себеси и својот развој, а ќе се остварува и меѓународната афирмација на земјата и општината. Ќе се создадат услови кои ќе го олеснат социо-економскиот развој на нашата општина, преку искористување на културното наследство, а ќе се создадат економски гранки кои ќе се базираат на културата, ќе се зголеми ефикасноста на локалната власт – општината во управувањето со културното богатство, преку воспоставување заеднички активности, здружување и партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, што ќе создаде соодветни локални и развојни стратегии, развивање на менаџмент на локално ниво, подобрување на состојбата и презентацијата на културата и културното богатство.

Економската основа и материјалните претпоставки на културниот развој ќе се прошируваат и со обезбедување вонбуџетски извори на финансирање: успешни домашни и странски компании, меѓународни фондации што финансираат културни проекти, спонзорства.

Ви ја доставуваме на Ваше внимание и разгледување предог Програмата за активности во областа на културата на Општината Битола за 2024 година.

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА ВО КАТЕГОРИИ

Општина Битола со оваа програма ќе поддржи манифестации и проекти кои се во функција на развој, промоција и афирмација на културата во општината, поделени во 5 категории, чиј содржински концепт е во следниве дејности и области:

- музичка и музичко – сценска дејност
- манифестации и фестивали од областа на културата
- театар
- ликовна уметност
- визуелни уметности
- видео, фото, филмска уметност
- интердисциплинарни проекти
- литература
- фолклор
- новиуметности

# АКЦИОНЕН ПЛАН

| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Време на реализација | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Традиционални настани/манифестации/фестивали | | | | | |
| 1.1. | 4-ти ноември | Општина Битола | Ден на ослободувањето на Битола кој се одбележува со Програма од неколку денови со повеке културно уметнички и спортски активности кои се одвиваат на повеке локации низ Битола | Ноември 2024 година | 906.540,00 ден | Број на посетители, број на гости од збратимените градови Програма за настанот |
| 1.2. | ИФФК „Браќа Манаки“ | Друштво на филмски работници на Р.М. -Скопје | Интернационалниот Фестивал на Филмската Камера „Браќа Манаки“ се одржува традиционално веке 41 година | Септември 2024 година | 2.719.620,00 ден и хотелско сместување за фестивалските гости | Број на посетители на проекциите број на учесници- гости и нивно сместување Програма за настанот, Објава во медиуми и социјални мрежи |
| 1.3. | „Интерфест“ | ЗГ Интерфест Битола- Интернационален фестивал на класична музика | Интернационален Фестивал на сериозна музика | Октомври 2024 година | 271.962,00 ден | Број на посетители Број на настани Програма на фестивалот Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.4. | „Илинденски денови“ | НУ Центар за култура | Интернационален Фестивал на традиционални народни песни и игри | Јули 2024 година | 543.924,00 ден | Број на посетители, број на учесници Програма на фестивалот Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.5. | „Мал битолски Монмартр“ | ЗГ Мал Монмартер Битола | Детско ликовно студио | Мај 2024 година | 271.962,00 ден | Број на посетители, број на учесници Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.6. | „Камера 300“ | КВК Студио Милтон Манаки Битола | Фестивал на краткометражен аматерски документарен филм | Ноември 2024 година | 90.654,00 ден | Број на посетители, број на учесници Програма на настанот Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.7. | Денот на Европа | Општина Битола | Секоја година се одбележува со пригодна програма во соработка со Делгација на ЕУ во Северна Македонија и училиштата од нашиот град | Мај 2024 година | 90.654,00 ден | Број на посетители Број на учесници Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.8. | Св. Нектариј Битолски | Општина Битола | Чествување на патронот на Битола Св. Нектариј Битолски | Декември 2024 година | 90.654,00 ден | Број на посетители Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.9. | Чествување на 8 септември | Општина Битола | Со пригодна програма се чествува независноста на Северна Македонија | Септември 2024 година | 45.327,00 ден | Број на посетителиќ број на учесници Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.10. | Битола отворен град | ЗГ МКЦ Битола | Интернационален младински арт фестивал | Јуни 2024 година | 543.924,,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.11. | Џез фестивал | Сашо Поповски | Џез фабрика фестивал | Јули 2024 година | 271.962,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.12. | Широк сокак во бело | ЗГ Широк сокак во бело- Бела ноќ Битола | Интернационален фестивал | Август 2024 година | 453.270,00 ден | Број на посетители, број на учесници Објави во медиуми и социјални мрежи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.13. | Фестивал на монодрама | НУ Центар за култура | Театарски претстави | Мај 2024 година | 226.635,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Програма на настанот, флаери<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.14. | Шекспир Фестивал | НУ Народен театар Битола | Интернационален театарски фестивал со учесници од Европа и светот. | Јуни 2024 година | 543.924,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.15. | Фестивал на музиката од светот | НУ Центар за култура | Фестивал на музиката од светот | Ноември 2024 година | 135.981,00 ден | Број на посетители, број на учесници ,<br>Програма<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.16. | Битолино | ЗКУ Бабаец Битола | Детски театарски фестивал | Август 2024 година | 453.270,00 ден | Број на посетители, број на учесници,<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.17. | Си-До | ЗГ Про Медија Битола | Детски музички фестивал | Мај 2024 година | 181.308,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на фестивалски настани<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.18. | Тра – Ла -Ла | Асоцијација за уметност Алексовски | Детски музички фестивал | Ноември 2024 година | 90.654,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на фестивалски настани<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.19. | Светски ден на џезот | ЗГ МКЦ Битола | Прослава по повод светскиот ден на џезот, влезен во светската мапа на УНЕСКО за обележување на овој ден | април 2024 година | 90.654,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на објави во медиуми и социјални мрежи, флаери |
| 1.20. | Локум фест | ЗГ за заштита и промоција на културното наследство,ѕtaдиција и развој на културен туризам Локум фест музика и традиција | Етно фјужан фестивал | Јули 2024 година | 271.962,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.21. | Фестивал на староградска музика | ЗГ за култура,туризам и економски развој Експлицит Битола | Традиционален фестивал на староградски песни во старата битолска чаршија | Август 2024 година | 217.570,00 ден | Број на посетители, број на учесници<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.22. | Мјузикленд | Асоцијација за уметност Алексовски | Интернационален музички фестуивал | Август 2024 година | 90.654,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.23. | Парко 2047 фестивал | ЗГ Парко Продукција Битола | Фестивал | Јули 2024 година | 271.962,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 1.24 | Камерен оркестар | Здружение за афирмација на музичката уметност-Мјузик Арт | Годишна програма | 2024 | 407.943,00 | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Објави во медиуми и социјални мреж |
| 1.25 | Дувачки оркестар- | Здружение за афирмација на музичката -уметност -Бит Арт | Годишна програма | 2024 | 271.962,00 | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Објави во медиуми и социјални мреж |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Настани и манифестации за БИТ ФЕСТ 2024 | | | | | |
| 2.1. | БИТ ФЕСТ 2024 | Општина Битола | Преку јавен повик настани за збогатување на културното лето | јуни,јули и август 2024 година | 1.500.000,00 ден | Број на посетители, број на учесници, број на настани<br>Програма<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 3. | Манифестации | | | | | |
| 3.1. | Манифестации и настани поврзани со одбележување на значајни датуми, поддршка на културното творештво регионална соработка, соработка со уметници и организирање на работилници и настани за збогатување на културниот живот во градот по јавен повик за 2023 | Општина Битола | Настани по јавен повик од 2023 кои се евалуирани од страна на надворешна комисија , се одржаа во текот на 2023 год.и имаат договори за исплата во 2024 | 2024 год. | 2.400.000 ден од 2023 | Број на барање за настани.<br>Број на посетители, број на учесници,<br>Објави во медиуми и социјални мрежи |
| 4. | Техничка поддршка | | | | | |
| 4.1. | Озвучување, и поставување на тезги | Општина Битола | Преку јавни набавки избор на провајдери за техничка поддршка на активностите од програмата за култура 2024 | | 1.500.000,00 ден | Број на настани со соодветната опрема (тезги,озвучување) |

## 1. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на културните активности утврдени со оваа Програма во износ од 15.000,00 денари (К4 – 15.000.000 денари) е предвидено со Буџетот на Општина Битола за 2024 година.

| Програма за култура | Ставка | Опис на ставката | Планирани средства |
|---|---|---|---|
| К4 | 425990 | Други договорни услуги | 2.500.000 ден |
| К4 | 426990 | Други оперативни расходи | 5.300.000 ден |
| К4 | 464990 | Разни трансфери | 7.200.000 ден |
| | | Вкупно | 15.000.000 ден |

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Градоначалникот на Општина Битола се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма. Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Битола дава иницијативи и мислења во врска со оваа Програма . За утврдената годишна Програма и за финансиските средства за нејзина реализација Општина Битола и носителите на проектите – корисниците на средствата од Буџетот на Општина Битола за 2024 година склучуваат договори.

Програмата влегува во сила со со објавувањето во Службен Гласник на Општина Битола.

Бр.09-174/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програма за животната средина во Општина Битола за 2024 година

Се објавува Програма за животната средина во Општина Битола за 2024 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1437/11
28.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за животната средина во Општина Битола за 2024 година

### ВОВЕД

**„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина“, се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.**

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

### ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, а Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот Буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2024 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

### ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

#### Зашита на квалитетот на амбиенталниот воздух

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух

Реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет, а истите се однесуваат на:

- **Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух** кое се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа и информирање на јавноста преку Соопштенија при надминување на Праг на информирање и Праг на алармирање.
- **Ажурирање на Катастар на загадувачи ( за 2022 и 2023 година)**

Со изработката на Катастарот на загадувачи од 2021година се доби основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генералниот отпад и постапувањето со истиот, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Битола, како и заради контрола на успешноста на превземање на мерки врз основа на соодветните одлуки и решенија на локално ниво.

Доажурирање на постоечкиот Катастар на загадувачи со внесување на податоците од

претходната и тековната година согласно Решенија за одобрени елаборати за заштита на животната средина и нови Б интегрирани дозволи.

• **Изработката на Зелени катастар на територијата на Општина Битола - Дел трети -** за потег од Градски Парк – АРМ – Партизанска Шик Лавци до Кружен тек Веро-Парк Стив Наумов - улица Филип Втори Македонски - Батаљон Стив Наумов-Карпош/Кланица – ул.Васко Карангелевски.

**Управување со отпад**

• **Акција за чистење на градот – Генералка викенд**

Акција за чистење на дивите депонии во соработка со граѓаните преку Урбаните заедници, како и со основните и средни училишта се со цел почиста Битола.

• **Спроведување на мерки од Локален акционен план за управување со отпад**

На повик од страна на Салар интернационал во рамки на Проект за одржливо управување со отпадот во партнерство помеѓу МЖСПП, Министерство за локална самоуправа и ЗЕЛС како главни чинители во соодветните области на управувањето со отпадот, испорака на локалните услуги, како и застапувањето и координацијата помеѓу локалните самоуправи. Проектот се спроведува во РСМ од 2022 до 2027 година и е финансиран од шведската амбасада.

Проектот има за цел да постигне одржливи промени помеѓу влијанието врз знаењето и однесувањето на поединците, влијанието врз законите и политиките, институционален развој и спроведување на локално водени процеси и планирање за управување со отпад.

Општина Битола избрана како Пилот општина заедно со ЈП Комуналец и во соработка со претставниците на Салар интернационал изработи стратешки документ Локален акционен план за управување со отпад со главна цел подобрување на услугите за управување со отпадот и целосно усогласување со стандардите на ЕУ со што ќе се подобри еколошката одржливост и квалитетот на живот за сите жители.

Проектот применува советодавен и инклузивен пристап кој се темели на човекови права во поддршка на целните општини за да го унапреди општинското работење на управување со отпадот и да помогне да се создаде чиста и безбедна средина за луѓето.

Земајќи ги во предвид човековите права и родови прашања, ќе се поведе грижа услугите да допрат до различни категории луѓе и во руралните и урбаните средини.

**Поставување на вендинг машини во соработка со Пакомак**

Општина Битола во соработка со Пакомак е во фаза на поставување на повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и лименки од населението. Корисниците на машините за секое шише лименка ќе добиваат по еден Зелен поен со вредност од 0,5 денари.

Во план е поставување на повеќе вендинг машини на локации кои ќе бидат избрани согласно договорот и анализата од страна на Пакомак и општината, а главната цел е што повисока свест- помалку отпад.

Општината во соработка со Пакомак ќе организира кампањи за промоција на машините.

**Бучава**

• **Изработка на Стратешки карти за бучава**

Согласно Законот за заштита од бучава во животната средина член 15 Стретешко нанесување во животната средина на карта (2) за изработка, донесување, користење и чување на стратешки карти за бучава се надлежни:

- советот на општините и на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општините

**Подигнување на јавната свест**

Подигнување на јавната свест со реализација на

• **проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари, дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично во соработка со ЈП Комуналец , градинки и основни училишта, изготвување на Анкетни прашалници.**

• **Одбележување на Светскиот ден на животната средина 5ти јуни како еден од најзначајните денови за поттикнување на глобалната свест за заштита на животната средина.**

Целта е да ги охрабри луѓето да преземаат чекори за заштита на животната средина и да водат грижа за планетата .

Согласно изработениот Локален акционен план за Општина Битола со Проект во соработка со Салар интернационал издвоени се средства за подигнување на јавната свест и подобрување на системот за управување со отпад.

**Субвенции**

Финансирање на проектите предвидени со оваа програма

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

- Буџетот на РСМ
- Буџетот на Општина Битола
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината
- Донации
- Меѓународни фондови

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола.

За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола, Советот на Општина Битола, Градоначалникот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола

Програмата влегува во сила со со објавувањето во Службен Гласник на Општина Битола.

Бр.09-174/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

*** Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2024 година**

| | **Програма за животна средина** | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар дел трети | 1.000.000,00 денари |
| 2. | Ажурирање на Кастар на загадувачи за 2022 и 2023 година | 500.000,00 денари |
| **3.** | Стратешки карти за бучава | 500.000,00 денари |
| | **Субвенции** | |
| 1 | Субвенционирање на енергетска ефикасност на колективни згради<br>Јавен повик од 2023 година:<br>доисплата на добитниците според Договор и<br>доисплата на добитници со Анекс договори | 1.000.000,00 денари |
| 2. | Субвенционирање на инвертер клима уреди | 2.000.000,00 денари |
| 3. | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | 2.000.000,00 денари |
| 4. | Субвенционирање на велосипеди | 1.000.000,00 денари |
| 5. | Субвенционирање зелени поени Проект поставување на вендинг машини со Пакомак | 300.000,00 денари |
| | **Локален акционен план за управување со отпад во соработка со ЈП Комуналец и САЛАР- Проект за управување со отпад** | |
| | Кампања за подигнување на свеста со селектирање на отпадот | 30.000.00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **8.330.000,00 денари** |

## С О Д Р Ж И Н А

П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за Развојни планови на Општина Битола за периодот од 2024 до 2026 година ........ 1

П Р О Г Р А М А за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2024 година........................................................ 8

П Р О Г Р А М А за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2024 година.......................... 21

П Р О Г Р А М А за субвенционирање на јавните комунални претпријатија основани од Општина Битола за 2024 година.......................... 23

П Р О Г Р А М А за економски развој во Општина Битола за 2024 година.......................... 24

П Р О Г Р А М А за туризам во Општина Битола за 2024 година........................................... 26

П Р О Г Р А М А за образование во Општина Битола за 2024 година ......................................... 27

П Р О Г Р А М А за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година ......................... 33

П Р О Г Р А М А за активностите во областа на спортот и младите во општина Битола за 2024 година........................................................... 46

П Р О Г Р А М А за култура во Општина Битола за 2024 година .......................................... 56

П Р О Г Р А М А за животната средина во Општина Битола за 2024 година ......................... 61

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211